4.5 ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Е2-паркинг за тешки товарни возила на КП Бр. 33/1 КО Горно Оризари – Општина Битола
4.6 ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена А1-домување во станбени куќи на КП Бр. 568 КО Нижеполе – Општина Битола

**5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА**

5.1 УП за село ДИХОВО - Договор бр. 16-1560/7 - АФПЗРР
5.2 УП за село НИЖЕПОЛЕ - Договор бр. 16-1560/7 – АФПЗРР

**6. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

6.1 УП за водоводна инфраструктура до село Брусник, Општина Битола.
6.2 УП за објекти за времено домување А4, КП 808, 809 и 792, м.в.Мала Корија ,КО Ротино
6.3 УП за изградба на фотоелектрана до 1mW, КП 9/25 и 9/26 КО Логоварди
6.4 УП за изградба на инфраструктура за пристапен пат од патот за с. Лисолај до Т-крстосница на приклучокот на КП 376 КО Лисолај

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНОВИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно со чл. 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) се врши од средства на:

**Буџет на Општина Битола**

**ПРОГРАМА Ф1- урбанистичко планирање**

- Изработка на ГУП за град Битола – Документациона основа
  Планирани средства: 6.000.000,00 денари

- Изработка на Урбанистички планови за села – Документациона основа:
  с. Бистрица
  с. Кажани
  с. Кукуречани
  с. Цапари
  Површина од приближно 100 ха
  Планирани средства: 2.000.000,00денари

- Изработка на урбанистички планови со кои ќе се врши вклопување на бесправните градби согласно Закон за постапување со бесправно изградените објекти;
- Изработка на урбанистички планови согласно Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење;
- Изработка на Стручни ревизии;
- Изработка на Услови за планирање на просторот;
- Изработка на Заштитно-конзерваторски основи,
- Изработка на стратешки оценки за влијанието врз животната средина;
- Изработка на елаборати, студии, стручни елаборати, јавни конкурси, проекти и документации во функција на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови - мерки за справување со отпад, климатски промени, заштита на

природа, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, мерки за заштита од разурнување, за озеленување и други мерки за безбедно остварување на целите на планирањето;

- Организација на Јавни повици, Јавни презентации, стручни расправи и Јавни анкети во постапката за донесување на урбанистички планови и урбанистичко плански документации и Стратешки оценки-објава во медиуми, стручни комисии...;
  Планирани средства: 1.600.000,00денари

- Надоместок на членови за учество во работата на работните тела согласно член 38, став 13 од Законот за УП (Сл.Весник на РМ бр.32/20) и други работни тела и комисии
  Планирани средства: 600.000,00денари

Планирани средства вкупно -
ПРОГРАМА Ф1: 10.200.000,00 денари

Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината, во зависност од стратегијата на Општина Битола и доставените иницијативи, Годишната Програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност од Советот на Општина Битола

Реализацијата на Програмата ќе биде согласно законската регулатива, потпишаните договори и согласно со поднесените иницијативи и приливот на средства, наведени во предходниот дел

Подносителите на иницијативи за изработка на урбанистички проекти е потребно да ги превземат обврските поврзани со трошоците за планирање и реализација на инфраструктурата

Изработување на урбанистичките планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно со чл. 68 од

Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), и/или Јавна установа за урбанизам, согласно со чл. 72 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20)

За реализација на оваа Програма се задолжени: Градоначалник на Општина Битола, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина при Советот на Општина Битола, Совет на Општина Битола, Комисијата за урбанизам на Општина Битола формирана од Градоначалникот на Општина Битола, согласно чл. 38 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола.

Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола, во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страна на Општина Битола.

Составен дел на годишната програма е анализата на степен и начин на спроведување и реализација на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Битола.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

Бр.09-156/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за животната средина за 2022 година

1. Ја објавувам Програмата за животната средина за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/24
29.12.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за животната средина за 2022година

### ВОВЕД

**„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина“, се пропишува во член 43 од Уставот на РСМ.**

Покрај уставните определби за животната средина, во правниот поредок се нормирани и повеќе прописи кои ги регулираат заштитата и унапредувањето на животната средина во Република Северна Македонија. Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за управување со отпадот, се дел од овие прописи.

### ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, а Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот Буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола за 2022 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, вода и почва) и областите на животната средина (отпад, бучава, природа, биодиверзитет, клима...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

#### Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух

Управување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши преку :

**Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Планот за подобрување на амбиенталниот воздух е стратешки документ според Законот за амбиентален воздух, Член 26, чија основна цел е превземање на мерки за намалување на нивоата на загадување и постигнување на соодветните гранични вредности за квалитет во утврдениот временски период согласно пропис донесен врз основа на овој закон. Истиот е донесен од страна на Совет на Општина Битола (Службен Гласник бр.16 25.11.2013 година). На територијата на Општина Битола, согласно овој стратешки документ, поставени се две мерни станици Битола 1 и Битола 2 преку кои секојдневно се следи квалитетот на амбиенталниот воздух.

За Општина Битола, како пилот општина избрана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се изработува нов 5 годишен План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет, а истите се однесуваат на:

**Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух** кое се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа како и користење на техники за моделирање

**Ажурирање на Катастар на загадувачи -** Согласно Програмата за животна средина за 2021 година, Општина Битола доби уште еден стратешки документ - Катастар на загадувачи на територија на Општина Битола. Со изработката на Катастарот на загадувачи се доби основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генералниот отпад и постапувањето со истиот, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Битола, како и заради контрола на успешноста на превземање на мерки врз основа на соодветните одлуки и решенија на локално ниво. Неговата изработка е Согласно член 41 и 42 од Законот за животна средина и „Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастар„ при што целосно беа опфатени и реализирани сите содржини и активности, обработени податоци, извршена верификација на истите, а потоа внесени во база на податоци.

Доажурирање на постоечкиот Катастар на загадувачи со внесување на податоците од тековната година согласно Решенија за одобрени елаборати за заштита на животната средина и нови Б интегрирани дозволи е мерка предвидена за 2022година.

**Изработка на Зелен катастар на територијата на Општина Битола,** кој претставува стратешки документ согласно Законот за јавно зеленило член 5 став1.

**Изработка на ЛЕАП -** развоен стратешки документ за состојбите во просторот, за идентификување на слабостите на локалниот еколошки статус и за предлагање мерки и активности за подобрување на истите, како обврзувачки документ согласно чл. 61 од Законот за Животна средина.

**Продолжување на континуитетот за стратешко планирање на сообраќајот** – Изработка на Сообраќајна студија на град Битола, во која ќе бидат имплементирани сите претходно изработени сообраќајни студии, проекти и планови. Спроведување на мерката за намалување на загадувањето на воздухот во ЦГП е предвидена со Сообраќајната студија за ЦГП од 2021година и воведување на еднонасочен сообраќаен режим во централното градско подрачје, со цел за намалување на бројот на возила и нивната фрекфенција низ потесното градско јадро со насоки за намалување на брзината на движење на возилата. Оформување на зона 10 и зона 30 во близина на основните и средни училишта како и во потесното градско јадро. Трансформација на дел од сообраќајниците во пешачки зони, односно формирање на зони без моторни возила.

**Подобрување на јавниот превоз и трансформација во еколошки јавен превоз**

**Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди** и континуирано информирање на граѓаните за предностите од користење на велосипеди.

**Безбедна и удобна инфраструктура која ќе овозможи независно и брзо движење низ градот и намалено загадување.**

**Континуирана изработка на урбанистички и сообраќајни проекти** како мерка за намалување на загадувањето на воздухот, но истовремено и намалување на бучавата и зголемување на безбедноста и мобилноста на сообраќајот на сите учесници. Реализација и изградба на велосипедски и пешачки патеки, за кои е изработена планска и проектна документација.

**Активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим за тешки товарни возила и користење на постоечките обиколници**

**Поставување и набавка на нови велопаркинзи и велоопрема на утврдени локации**: Стара битолска чаршија - Монмартр, кај Борово, Стара битолска чаршија - Кафана Бриони, Градски парк кај Саатот, Педагошка и други

**Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците во текот на целата година.** Субвенционирање на оџаци е да се поттикнат граѓаните да ангажираат лиценцирани фирми и да се намалат штетните емисии од нечистите оџаци, бидејќи неисчистениот оџак е двојно поголем загадувач. Субвенционирањето може да се врши два пати годишно и тоа после сезона и пред сезона.

**Изработка на Регистар на оџаци**

Потврдите за извршеното чистење на оџаците ќе се доставуваат до општината и истите ќе бидат заведени во Регистар на домаќинства кои се греат со огревно дрво и на тој начин постепено би се изготвувал Регистарот на оџаци. Во истиот ќе се имплементираат корисниците на субенции за инвертер клими согласно повикот од 2020/2021година.

**Инвестирање во Енергетска обнова на колективните станбени згради** постари од 25 години. Општина Битола ќе субвенционира дел од средствата за нови енергетски ефикасни фасади.

**Зголемени инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, индустриските и занаетчиски постројки.** Оваа обврска е пропишана во Законот за комунални дејности.

**Користење на мерки за намалување на прашината при градежни активности** (прскање, миење на гуми пред излез од градилиште и т.н.). Зголемени инспекциски контроли на градилиштата и собирањето на градежен шут и зголемени инспекциски контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла.

**Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад, земјоделски остатоци, шумски пожари**

**Засилени инспекциски контроли на корисниците на субенции за инвертер клими** - да не користат огревно дрво како енергенс за загревање.

**Засилени инспекциски контроли на останатите загадувачи на територија на Општина Битола**

**Донесување и спроведување на планските документи во надлежност на Советот, Градоначалникот и локалната самоуправа за нивна реализација.**

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Управувањето со отпадот во Општина Битола е регулирано согласно Програмата за управување со отпад 2020-2022 година во надлежност на ЈП "Комуналец". Истата претставува плански документ кој произлегува од законските и подзаконски акти од Законот за управување со отпад.

**Акција за собирање на пластиката, акција за чистење на градот**

Годишни акции за чистење и бесплатно собирање на кабастиот отпад на ЈП Комуналец од пред домовите на граѓаните со точно определување на кој ден каков вид на отпад ќе се подигнува. Граѓаните-домаќинствата кабастиот отпад наменет за отфрлање се должни да го отстранат-складираат во време кое ќе го предвиди ЈП Комуналец, пред влезот на куќите односно дворовите (за индивидуалните станбени домаќинства), додека за колективните станбени домаќинства во непосредна близина на станбената зграда - на начин што кабастиот отпад нема да го попречува слободното движење на пешаците и возилата од една страна, како и местото да биде пристапно за возилата на ЈП Комуналец да може несметано да го подигне. Вон определениот датум и време, како и одлагање на друг вид отпад освен кабастиот отпад не е дозволено. Општината е должна граѓаните-домаќинствата да ги запознае за датумот и времето, како и начинот за правилно одлагање на кабастиот отпад. При тоа во координација со ЈП, да ги одреди – распореди месните заедници и населби каде и во кој ден ќе се спроведува акцијата. ЈП Комуналец е должно одложениот кабаст отпад во одредените термини целосно да го подигне без надомест.

**Редовно мапирање и расчистување на дивите депонии и оплеменување на просторот со нови зелени површини и фитнес зони.**

**Јавен повик за собирање на хавариса-ните возила на јавни површини**

**Поставување на повратни вендинг машини за рециклирање на пластични шишиња и лименки во рамките на Проектот РРР - редуцирај, рециклирај, реупотреби.**

**Проект #БитолаРециклира.** Целта е граѓаните на општина Битола да рециклираа PET пластични шишиња и лименки, грижејќи се за околината и за животната средина за што ќе добијат субвенција од страна на Општина Битола за нивната грижа.

## ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ

**Чистење на речните корита на територија на Општина Битола**

**Чистење на речното корито и потпорните ѕидови од кејот на реката Драгор** кое се организира секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба. На места каде коритото на реката е пониско да се превземат дејствија за проширување на коритото, подигнување на висината на потпорните зидови, со цел да не настане, прелевање и излевање на реката во период на обилни врнежи

**Проект Пречистителна станица**

Континуитет во реализација на Проектот за пречистителна станица на град Битола

Реализација на изработен проект за колекторски систем за собирање на отпадните води од домаќинствата и туристичките објекти од селото Трново. Овај колекторски систем, понатаму, ќе се шири кон останатите делови од селото Трново и Магарево и приклучи на веке изградената пречистителна станица. Следува изработка на секундарна мрежа и поставување на приклучоци до домаќинствата од село Трново. За отпадните води на хотел Молика се изработува техничка документација за уште една помала пречистителна станица со колекторски систем.

Заштита на почвите и уредување на зелените површини

Акција за нови зелени површини, зелени скверови како и одржување на постојните

Продолжување на Проектот Еко офанзива 3.

**Изградба на спортско рекреативен центар, нов парк во Нова Битола и изградба на локални парковски површини** – паркови во урбаните заедници.

**Подигање на дрвореди на тротоарите, паркинзите и вело патеките**.

**Отстранување на диво поставените гаражи во зоните за колективно домување**, изработка на проектни решенија за уредување на истите и трансформација во места со исклучителни вредности – решавање на паркирањето, но и формирање на зелени оази со места за одмор и рекреација, детски катчиња...

## ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Континуирана изработка на сообраќајни проекти за зголемување на безбедноста и мобилноста на сообраќајот на сите учесници, воведување на велосипедски патеки на површини каде не постоеле истите.

**Воведување на еднонасочен сообраќаен режим** во централното градско подрачје, Воведување на пешачки зони на места каде што биле коловозни ленти за автомобили - укинување на постоечки сообраќајници.

Насоки за намалување на бројот на возила и нивната фрекфенција низ потесното градско јадро.

Насоки за намалување на брзината на движење на возилата оформување на зона 10 и зона 30 во близина на основни и средни училишта како и во потесното градско јадро

Насоки за зголемување на бројот на паркинг места за нивна полесна достапност

## ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

Подигнување на јавната свест со реализација на проекти, организирање на манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, натпревари, дефилеа, работилници со пропаганден материјал и слично во соработка со ЈП Комуналец, градинки и основни училишта.

Целта е да ги охрабри луѓето да преземаат чекори за заштита на животната средина и да водат грижа за планетата.

Одбележување на Светскиот ден на животната средина 5ти јуни како еден од најзначајните денови за поттикнување на

глобалната свест за заштита на животната средина.

Во насока на заштита на животната средина треба да се напомене и реализацијата на капиталните проекти за гасификација и топлификација на град Битола, кои ќе влијаат врз намалување на загадувањето и намалување на трошоците за енергија.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ОВАА ПРОГРАМА

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

Буџетот на РСМ

Буџетот на Општина Битола

Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината

Донации

Меѓународни фондови

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола.

За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за човекова околина при Советот на Општина Битола, Советот на Општина Битола, Градоначалникот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола.

Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

**Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Програма за животна средина за 2022година**

| | **Програма за животна средина** | **Буџет: 3 000 000,00 денари** |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар | 500 000,00 денари |
| 2. | Изработка на ЛЕАП | 400 000,00 денари |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи | 100 000,00 денари |
| 4. | Набавка на вендинг машини | 2 000 000, 00 денари |
| | **Субвенции** | **Буџет: 5 000 000,00 денари** |
| 1 | Субвенционирање за набавка на велосипеди | 1 000 000,00 денари |
| 2 | Субвенционирање на чистење на оџаци | 300 000,00 денари |
| 3 | Субвенционирање на колективни згради за поставување на енергетски ефикасни фасади | 3 000 000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места | 700 000,00 денари |
| | **Капитални инвестиции** | |
| 1 | Набавка на опрема за видео наздор на јавни површини | 1 500 000,00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **9 500 000, 00 денари** |

Бр.09-156/26
27.12.2021 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Оперативниот план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавна депонија Мегленци, дивите депонии и ѓубришта на Општина Битола во 2022 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Оперативниот план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавна депонија Мегленци, дивите депонии и ѓубришта на Општина Битола во 2022 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Оперативниот план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавна депонија Мегленци, дивите депонии и ѓубришта на Општина Битола во 2022 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Оперативниот план и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавна депонија Мегленци, дивите депонии и ѓубришта на Општина Битола во 2022 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-156/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Оперативниот план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2022 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Оперативниот план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2022 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Оперативниот план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2022 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Оперативниот план и Програма за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Битола за 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-156/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата на Општина Битола за култура во 2022 година

1. Ја објавувам Програмата на Општина Битола за култура во 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## на Општината Битола за култура во 2022 година

### 1. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

### 2. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активностите што ќе се реализираат во 2022 година, а преку кои што ќе се имплементираат надлежностите на Општина Битола во областа на културата и ќе се дефинира локалниот интерес во културата.

### 3. ЦЕЛИ / ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

**3.1 Основни цели / приоритети**

Основни цели на Програмата на Општина Битола од областа на културата:

1. Доближување на културата до сите граѓани.

Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Битола рамноправно да учестуваат како творци и како корисници, во културата и во културните случувања.

2. Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите.

Земајќи ја во обзир перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се подржуваат експериментите и користењето нови медиуми на естетска

експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

Подршка на талентирани ученици и студенти

**3.2 Специфични цели / приоритети**

Промовирање на европски вредности

Стимулирање на креативното творештво и изразување на младите

Развивање на натпреварувачки дух кај младите

Интерактивно искуство кај младите

Поддршка на визуелната уметност

Соработка со уметници-креативци од Општина Битола

Унапредување на соработката со националните институции од областа на културата

Инклузија на деца со посебни потреби во областа на културата

## 4. ИСКОРИСТУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА КАКО РЕСУРС ЗА РАЗВОЈ

Според новите концепции културата се третира како развој.

За да може културата да го облагородува и да го подига квалитетот на живот, за да биде елемент и орудие на општествениот развој, неопходно е самата постојано да се ревитализира и да се развива, за да може да обезбеди духовна и економска репродукција. Културата и творештвото не можат во целост да ја обезбедуваат својата економска репродукција на пазарот. Прво , заради тоа што голем број културни дејности (заштита на спомениците на културата, библиотекарство, кинотечна и музејска дејност) по својата природа се непрофитни и второ, нашиот пазар е мал и ограничен и не може од продажба на културни производи да се оствари доволен профит кој би ја обезбедувал економската репродукција на културата.

Искористувањето на културата како ресурс за развој, претпоставува дека таа нема да се однесува само на интимниот свет на уметноста. Културата, како начин на живеење, е и човеков однос кон другите, кон животната околина и кон природата. Брзите промени предизвикани од научно-технолошката револуција и од индустријализацијата, потоа непромисленатa урбанизација и демографските промени, како и неконтролираното искористување на природните богатства, доведе до ерозија на животната средина. На фонот на еколошките иницијативи кои се залагаат за ревитализација на животната средина, оваа програма ќе поттикнува акции за нивна надградба и естетизација на просторот, преку оживување на старите градски јадра, преку освојување на нови простори за културни случувања, преку опустошените рурални средини, преку хортикултурно уредување и тн.

Проширувањето на подрачјето на културата ќе се одвива и низ развојот на културниот туризам. Со културниот туризам се афирмира и промовира културното наследство на домашната и на странската публика, а поврзувајќи се со една економска дејност, културата ќе остварува финансиска добивка, ќе се потпомага себеси и својот развој, а ќе се остварува и меѓународната афирмација на земјата и општината. Ќе се создадат услови кои ќе го олеснат социо-економскиот развој на нашата општина, преку искористување на културното наследство, а ќе се создадат економски гранки кои ќе се базираат на културата, ќе се зголеми ефикасноста на локалната власт – општината во управувањето со културното богатство, преку воспоставување заеднички активности, здружување и партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор, што ќе создаде соодветни локални и развојни стратегии, развивање на менаџмент на локално ниво, подобрување на состојбата и презентацијата на културата и културното богатство.

Економската основа и материјалните претпоставки на културниот развој ќе се прошируваат и со обезбедување вонбуџетски извори на финансирање: успешни домашни и странски компании, меѓународни фондации што финансираат културни проекти, спонзорства.

Ви ја доставуваме на Ваше внимание и разгледување предог Програмата за активности во областа на културата на Општината Битола за 2022 година.

## ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

- Во текот на 2022 година ќе се организираат следниве настани:

**4-ти ноември -** Ден на ослободувањето на Битола кој се одбележува со Програма од неколку денови со повеке културно уметнички и спортски активности кои се одвиваат на повеке локации низ Битола.
Време на реализација :Ноември 2022 година
Буџет: 1 000 000 денари

**ИФФК „Брака Манаки“** – Интернационалниот Фестивал на Филмската Камера „Брака Манаки“ се одржува традиционално веке 41 година.
Време на реализација: Септември 2022 година
Буџет: 400 000 денари и хотелско сместување за фестивалските гости

**„Интерфест“** - Интернационален Фестивал на сериозна музика
Време на реализација: Октомври 2022 година
Буџет: 260 000 денари

**„Илинденски денови“** – Интернационален Фестивал на традиционални народни песни и игри.
Време на реализација: Јули 2022 година
Буџет: 600 000 денари

**„Мал битолски Монмартр“** – Детско ликовно студио
Време на реализација: Мај 2022 година
Буџет: 300 000 денари

**„Камера 300“**- Фестивал на краткометражен аматерски документарен филм.
Време на реализација: Ноември 2022 година
Буџет: 100 000 денари

**Денот на Европа -** Секоја година се одбележува со пригодна програма во соработка со Делгација на ЕУ во Северна Македонија и училиштата од нашиот град.
Време на реализација:Мај 2022 година
Буџет: 120 000 денари

**Чествување на патронот на Битола Св. Нектариј Битолски**
Време на реализација: Декември 2022 година
Буџет: 100 000 денари

**Чествување на 8 септември** – Со пригодна програма се чествува независноста на Северна Македонија

**Битола отворен град** – Интернационален младински арт фестивал
Време на реализација: Јуни 2022 година
Буџет: 600 000 денари

**Фестивал на монодрама -** Театарски претстави
Време на реализација: Мај 2022 година
Буџет: 130 000 денари

**Шекспир Фестивал**- Интернационален театарски фестивал со учесници од Европа и светот.
**Време на реализација**: Јуни 2022 година
**Буџет**: 600 000 денари

**Фестивал на музиката од светот**
Време на реализација: Ноември 2022 година
Буџет: 100 000 денари

**Си-До** - Детски музички фестивал
Време на реализација: Мај 2022 година
Буџет: 100.000 денари

**Тра – Ла -Ла** - Детски музички фестивал
Време на реализација: Август 2022 година
Буџет: 100.000 денари

**Фестивал на староградска музика** – Фестивал во старата битолска чаршија
Време на реализација: Јули 2022 година
Буџет: 140.000 денари

**Светски ден на џезот -**
Реализација во месец април 2022 година
**Буџет**: 150.000 денари

**Чествување на коледе -**
Време на реализација: Месец Јануари 2022 година
Буџет: 150.000 денари

**Широк сокак во бело** – Интернационален фестивал
Време на реализација: Месец август 2022 година
Буџет: 500.000 денари

**Нова Година**-Организиран дочек на Нова Година на плоштад со пригодна програма.
Буџет: 1.200.000 денари

**Денот на планетата Земја** - Пренесување на порака за здрава и еколошки чиста средина преку културна манифестација

**Соработка меѓу Општина Битола и збратимените градови (од други држави) во областа на културата-** Градењето на пријателство помеѓу општините е основа за воспоставување на блиска соработка во повеќе области од интерес на граѓаните кои живеат на подрачјето на тие општини. Ќе се оствари соработка во културата помеѓу овие општини кои веќе имаат потпишано протоколи за збратимување и соработка.

**Културни активности и манифестации** – Покрај веке постоечките културни манифестации, секогаш постои можност за создавање нови културни манифестации, сè со цел да се збогати културното живеење во нашиот град (општината). Општина Битола ги прифака сите идеи кои придонесуваат за промовирање на градот и културата.
Време на реализација: во текот на цела календарска година

**Соработка со ЈОУ КИЦ – Културен и информативен центар Битола**
Поддршка на програма со културни настани за 2022 гопдина
Време на реализација: Цела година
Буџет: 1.000 000

**Регионална соработка** - Општина Битола ја зајакнува релацијата и ја продлабочува соработката со другите општини во реализирање на проекти во регионална соработка .

**Поддршка на млади таленти и самостојни уметници**

**Саеми** – Презентација на општината Битола на саеми во земјата и странство.

**Соработка со уметници и организирање работилници -** Се однесува на соработка на сите видови уметници и нивни здруженија и установи на локално ниво, од сите видови уметност, како и негување на фолклорот, занаетчиството и слични културни врдности.

**Печатење на општински рекламен материјал**, кој не е опфатен во претходните точки, а произлегол како потреба во текот на 2021 година.

За одредени активости што не се содржани во Програмата, а за кои што Советот на Општина Битола, на предлог на Градоначалникот, ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Битола.

Прегледот на потребните финансиски средста за реализација на Програмата е составен дел на оваа програма.

## ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Битола културните манифестации (за кои ќе смета дека се во интерес на пошироката јавност) ќе ги помага и со:

Доделување награди и признанија
Обезбедување на техничка и друга помош
Учество на промотивни и протоколарни средби

По завршувањето на проектите секој реализатор е должен до Општина Битола да

достави Извештај за реализација на одобрените средства.

**Напомена: Планираните средства ќе се користат само за програмски активности**

**5. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на културните активности утврдени со оваа Програма во износ од 14.700 000 денари (К4 14 700 000 денари) е предвидено со Буџетот на Општина Битола за 2022 година.

| Програма за култура | Ставка | Опис на ставката | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| К4 | 425990 | Други договорни услуги | 3.500 000 |
| К4 | 426990 | Други оперативни расходи | 6.500 000 |
| К4 | 464990 | Разни трансфери | 4.700 000 |
| | | Вкупно | 14.700 000 |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе ја определува Комисија составена од општинската администрација и стручни лица, а истите ќе бидат одобрени од Градоначалникот, врз основа на прибирање понуди за соодветни културни настани.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Градоначалникот на Општина Битола се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма. Комисијата за култура на Советот на Општина Битола дава иницијативи и мислења во врска со оваа Програма. За утврдената годишна Програма и за финансиските средства за нејзина реализација Општина Битола и носителите на проектите – корисниците на средствата од Буџетот на Општина Битола за 2022 година склучуваат договори.

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Битола“

Бр.09-156/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за јавни дејности (образование) во Општина Битола за 2022 година

1. Ја објавувам Програмата за јавни дејности (образование) во Општина Битола за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 157 и член 158 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ бр.161/19 и 229/20“), член 101, 101а и 102 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ бр.44/95...30/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за јавни дејности (образование) во Општина Битола за 2022 година

Врз основа на член 157 и член 158 од Законот за основно образование и член 101, 101-а и 102 од Законот за средно образование со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

За програмата Н1 – основно образование во буџетот на Општина Битола за 2022 година се издвоени вкупно 44.578.680 де-

нари, од кои 31.715.171 денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, 970.000 денари за материјали и ситен инвентар, 893.509 денари за поправки и тековно одржување, 10.700.000 денари за договорни услуги и 300.000 денари за други тековни расходи.

Додека од Министерство за образование како дотации за Н1 – основно образование се издвоени вкупно 429.660.000 денари, од кои 427.941.511 денари за за плати и надоместоци и 1.718.489 денари за електрична енергија

За програмата Н1 – основно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 9.217.300 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 14.744.448 денари.

За програмата Н2 – средно образование од Министерство за образование и наука како дотации се издвоени вкупно 274.000.000 денари од кои 206.320.406 денари се за плати и надоместоци, 21.335.000 денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, 2.220.000 денари за материјали и ситен инвентар, 2.960.000 за поправки и тековно одржување, 31.975.000 за договорни услуги, 1.122.600 денари за други тековни расходи, 3.040.000 денари за разни трансфери, 1.506.825 денари за купување на опрема и машини и 3.520.169 денари за други градежни објекти.

За програмата Н2 – средно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 12.351.400 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 24.042.504 денари.

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### Програмата јавни дејности (образование ) во Општина Битола за 2022 година

| р.бр. | Програма | Ставка | Опис | Буџет | Дотации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Н1 | 401130 | Основни плати | | 284.729.912 |
| 2 | Н1 | 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 23.993.612 |
| 3 | Н1 | 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 79.940.513 |
| 4 | Н1 | 402210 | Основни придонеси за здравство | | 32.004.451 |
| 5 | Н1 | 402220 | Основен придонес за професионално заболување | | 2.137.957 |
| 6 | Н1 | 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | | 5.135.066 |
| 7 | Н1 | 421110 | Електрична енергија | 8.971.511 | 1.718.489 |
| 8 | Н1 | 421120 | Водовод и канализација | 2.080.000 | |
| 9 | Н1 | 421130 | Ѓубретарина | 1.597.000 | |
| 10 | Н1 | 421190 | Други комунални такси и услуги | 157.000 | |
| 11 | Н1 | 421220 | Дрва | 2.477.980 | |
| 12 | Н1 | 421240 | Течни горива | 15.734.680 | |
| 13 | Н1 | 421390 | Други трошоци за комуникација | 697.000 | |
| 14 | Н1 | 423710 | Средства за одржување на хигиена | 970.000 | |
| 15 | Н1 | 424210 | Одржување на згради | 593.509 | |
| 16 | Н1 | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 200.000 | |
| 17 | Н1 | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 100.000 | |
| 18 | Н1 | 425760 | Превозни услуги во образованието | 10.700.000 | |
| 19 | Н1 | 426410 | Објавување на огласи | 300.000 | |
| | | | **Вкупно:** | **44.578.680** | **429.660.000** |
| | | | | | |
| 1 | Н2 | 401130 | Основни плати | | 137.162.496 |
| 2 | Н2 | 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 11.388.242 |
| 3 | Н2 | 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 38.788.150 |
| 4 | Н2 | 402210 | Основни придонеси за здравство | | 15.474.144 |
| 5 | Н2 | 402220 | Основен придонес за професионално заболување | | 1.031.559 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Н2 | 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | | 2.475.815 |
| 7 | Н2 | 421110 | Електрична енергија | | 5.100.000 |
| 8 | Н2 | 421120 | Водовод и канализација | | 2.100.000 |
| 9 | Н2 | 421130 | Ѓубретарина | | 1.215.000 |
| 10 | Н2 | 421190 | Други комунални такси и услуги | | 155.000 |
| 11 | Н2 | 421220 | Дрва | | 45.000 |
| 12 | Н2 | 421240 | Течни горива | | 12.200.000 |
| 13 | Н2 | 421390 | Други трошоци за комуникација | | 200.000 |
| 14 | Н2 | 421440 | Транспорт на луѓе | | 320.000 |
| 15 | Н2 | 423110 | Канцелариски материјали | | 420.000 |
| 16 | Н2 | 423610 | Наставно-образовни помагала | | 480.000 |
| 17 | Н2 | 423710 | Средства за одржување на хигиена | | 540.000 |
| 18 | Н2 | 423720 | Материјали за разни поправки | | 430.000 |
| 19 | Н2 | 423810 | Ситен инвентар | | 350.000 |
| 20 | Н2 | 424210 | Одржување на згради | | 1.960.000 |
| 21 | Н2 | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | | 230.000 |
| 22 | Н2 | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 400.000 |
| 23 | Н2 | 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | | 370.000 |
| 24 | Н2 | 425490 | Други здравствени услуги | | 865.000 |
| 25 | Н2 | 425760 | Превозни услуги во образованието | | 30.500.000 |
| 26 | Н2 | 425970 | Консултантски услуги | | 340.000 |
| 27 | Н2 | 425990 | Други договорни услуги | | 270.000 |
| 28 | Н2 | 426310 | Семинари и конференции | | 310.000 |
| 29 | Н2 | 426410 | Објавување на огласи | | 420.000 |
| 30 | Н2 | 426990 | Други оперативни расходи | | 392.600 |
| 31 | Н2 | 464990 | Други трансфери | | 3.040.000 |
| 32 | Н2 | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | 1.055.913 |
| 33 | Н2 | 480190 | Купување на друга опрема | | 450.912 |
| 34 | Н2 | 482930 | Реконструкција на други објекти | | 3.520.169 |
| | | | **Вкупно:** | | **274.000.000** |

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни дејности и Одделението за јавни дејности при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила со донесувањето, а ќе се обајви во Сл.Гласник на Општина Битола и ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2023 година.

Бр.09-156/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2022 година**

1. Ја објавувам Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2022 година

### ВОВЕД

Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење на здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите луѓе.

Нашата визија е да се унапреди родовата рамноправност во спортот како на локално така и на државно ниво. Сметаме дека во блиска иднина Општина Битола во своите програми, стратегии како и преку низа други мерки треба да овозможи подеднакво вклучување на женските спортисти исто како и машките спортисти и да се создадат оптимални услови за спортување како на едните така и на другите. Потребно е постојано да се следат и идентификуваат можностите за влијаење на политиките на локално и национално ниво, подготвување на препораки за надминување на родовата дискриминација во спортот и подобрување на домашната законска легислатива и стратешките документи.

Меѓу нашите цели исто така се и воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите и институционален развој за прашањата поврзани со нив при што се продлабочува начинот на вклучување на младите во локалната заедница.

### Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2022 е направена врз основа на основните одредби од Законот за спорт и Законот за локална самоуправа. Во областа на спортот надлежностите на општините во смисла на овој закон, се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби;
- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;
- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување;
- поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините;
- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање,

искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општината, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

Спортот е дел и од Уставот каде во член 47 став 5 се вели „Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот ", следствено на тоа спортот треба да биде непроменлив сегмент од развојот на секоја генерација.

Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2022 е направена и врз основа на младинско учество и младински политики. Цел на овој закон е да обезбеди:

- креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите;
- зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога;
- промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики;
- поддршка и унапредување на младинското организирање;
- поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво;
- поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и
- поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главни цели на програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2022 е афирмирање на Општина Битола како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на младите, жените и на лицата со посебни потреби. Младите голем дел од своето време го поминуваат гледајќи телевизија или пред компјутер, каде несвесно се подложени на делување кое доведува до негативен одраз врз повеќе сегменти од нивниот живот. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и нивно образување кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности односно „Спорт за сите" ќе придонесат поголема масовност и можност на граѓаните за учество и стекнување на основните спортски вештини како што се моториката, спортското здравје итн.

Преку организирањето на систем на натпревари и други спортски манифестации ќе се создаваат услови за настапи во земјата и во странство на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи како и развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост и пречки во развојот.

Општина Битола преку поддршка на вакви спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на можностите и потенцијалите на општината.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови/здруженија и националните спортски федерации. Спортски манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со Законот за спорт.

Вреднувањето на доставените програми се одредува врз основа на:

- остварени спортски резултати (клубови кои што се натпреваруваат во највисоките лиги на натпревари или клубови кои што имаат индивидуални спортисти со остварен висок пласман: прво, второ или трето место

на официјалните Европски и Светски Првенства )

- број на учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и проекти
- број на жени кои се вклучено во спортските активности
- број на лица со посебни потреби кои се вклучени во спортските активности
- број на земји учеснички
- манифестацијата да е во календарот на спортската федерација
- манифестацијата да е во календарот на меѓународната спортска асоцијација, со статус и категорија на меѓународен натпревар и сл.

**Апликантот за добивање на финансиски средства од Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола може да аплицира само за една активност од Програмата (јавен повик, манифестација, дополнителна активност итн.).**

**Доколку ист апликант се јавува во повеќе од еден спортски клуб/здружение тогаш се евалуира спортскиот клуб/здружение со повисоките резултати, а во одредувањето на висината на добивање на финансиски средства се зема во предвид и дополнителниот ангажман на апликантот.**

Вредности и принципи на програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола за 2022 година

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2022 се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на спортот како и континуирано создавање услови за спортување.

**Развој** - континуирана поддршка на спортските клубови/здруженија за реализација на програмите и проектите и создавање на можности за омасовување на спортот и зголемување на бројот на спортисти кои се занимаваат со спортски активности на сите нивоа како и унапредување на инфраструктурните капацитети за подобрување на условите за тренинг.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Еднаков третман** - општина Битола во својата Програма почитува еднаков третман на сите чинители. Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата како и лицата со посебни потреби имаат еднакви можности и достапност за спортување и рекреација до сите спортски објекти.

**Пристапност до објектите за спорт** - општина Битола на спортистите им овозможува користење на спортските сали за спортски тренинзи без надомест и тоа во професионалниот спорт кај оние кои што се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги, а кај аматерскиот спорт на спортски клубови/здруженија кај кои поединци имаат остварено највисоки спортски резултати од официјални Европски и Светски Првенства (I, II III место) и тоа признати од националните спортски федерации во континуитет од неколку години.

**Промоција** - спроведување кампања за промоција на спортот помеѓу младите луѓе како фактор за здрав и квалитетен живот. Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време.

**Активности за реализација на Програма за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола 2022 година**

Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола со вкупна вредност 37,800,000.00 денари од општина Битола.

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2022 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во пет основни ставки, како што следува:

Програмата за активностите во областа на спортот се состои од активности за :

Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Битола.

Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови и индивидуални спортисти регистрирани на подрачјето на Општина Битола преку објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на спортски здруженија и спортисти, а средствата ќе се доделуваат согласно Методологија за определување на критериуми за доделување на финасиска помош на спортски здруженија и индивидуални спортисти од буџетот на Општина Битола.

Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.

Во насока на унапредување на училишниот спорт општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола како и универзитетскиот спорт.

Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.

Општина Битола ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби во општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на општина Битола.

Општина Битола ќе ги финансира манифестациите од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот

Поддршка на дополнителни програми и проекти на останати спортски организации и спортски друштва кои се од интерес на Општина Битола.

Општина Битола ќе ги поддржува професионалните акционерски друштва кои ја претставуваат општината на меѓународната спортска сцена, спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби, женски спортски здруженија како и спортски здруженија/клубови кои се натпреваруваат во колективни спортови во државните лига натпревари.

**Предлог Мерки:**

Изготвување на Стратегија за спорт

Стратегијата за спорт ќе предвиди конкретни чекори и насоки за развој на спортот, врз основа на дефинираната стратегијата понатаму ќе се овозможи многу поголема ефикасност и координација на различните институции одговорни за реализација на мерките предвидени во оваа стратегија кои треба редовно и целосно да ја следат состојбата со развојот на спортот. Потребна е евалвација на вложените средства наспрема резултатите и бројот на вклучени спортисти и дефиниран стратешки план за користење на финансиските средствата на локалната самоуправа кои во иднина треба да се насочуваат кон масовни спортови за младите и граѓаните, а поретко за професионалните спортови.

Изготвување на Стратегија за млади

Стратегијата за млади на Општина Битола ќе предвиди конкретни чекори за развој на младинскиот сектор во општината со цел истиот да биде платформа за поголемо учество на младите во сите локални процеси. Во рамките на оваа стратегија се предвидува вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики, вклучително и во планирање и изработка на стратешките документи во области во надлежност на локалната самоуправа. Со оваа стратегија општина Битола има за цел да го унапреди вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на планирање, спроведување и следење на локалните политики.

Носители на мерките предвидени во Програмата се општина Битола, Агенција за млади и спорт, Министерство за образование и наука, Владата, единиците на локална самоуправа, спортски федерации, МОК, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, образовни институции, граѓански организации, бизнис сектор.

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **ЈАВЕН ПОВИК** | | | | | | |
| 1.1. | Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови/ здруженија регистрирани на подрачјето на општина Битола | Општина Битола Комисија за млади и спорт Комисија за финансии и буџет | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола за спортски клубови/здруженија. Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската администрација Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на матичните национални федерации во која членува. | Општина Битола обезбедува финансиска поддршка за реализација на програмите на спортските клубови/здруженија.Подносителот на програмата треба да достави:<br>- програма или проект за активностите во областа на спортот кои што ги планираат да ги остварат во тековната година<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година ( пропратна документација за потрошените средства)<br>- финансиски план и динамичен план за користење на средствата<br>- спортскиот клуб/здружение треба да биде регистриран согласно Законот на здруженија (тековна состојба не постара од 6 шест месеци)<br>- бројот на спортисти и спортски екипи кои што ќе настапат согласно програмата<br>- доказ дека активно учествува во натпреварувањата кои се организирани од програмите на соодветните спортските федерации при Агенцијата за млади и спорт согласно Законските регулативи.<br>- здружението да биде со седиште во општина Битола | 2022 | 1,500,000.00 ден. | Број на спортски клубови/здруженија кои што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати и нивното рангирање во матичните федерации во АМС |
| 1.2 | Општина Битола ќе ги поддржува и индивидуалните спортисти кои со своите резултати достојно ја претставуваат општината на репрезентативно ниво | | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола за индивидуални спортисти. Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската | Општина Битола обезбедува поддршка за постигнатите спортски резултати на индивидуалните спортисти. Право на финансиски средства (стипендија) имаат:<br>- секој ученик или ученичка жител или жителка на Општина Битола<br>-редовен или вонреден ученик или ученичка во средно училиште на | | 500,000.00 ден. | Број на спортисти кои што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати на репрезентативно ниво |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | администрација<br>Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на клубовите дека е член на истиот. | подрачјето на Општина Битола<br>-активен спортист/ка, член/ка на спортски клуб од подрачјето на Општина Битола регистриран во матичната национална спортска федерација<br>-репрезентативци во индивидуални спортови<br>-репрезентативци во екипни спортови<br>-високи спортски резултати во претходната 2020 година и во 2021 година се до завршувањето на Јавниот повик | | | |
| | Активност | Одго-ворни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **2.** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | | | |
| **2.1.**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**2.2.**<br><br><br><br><br>**2.3.** | Традиционални манифестации:<br><br>1)Традиционални општински трки<br>2)Јуниорски европски турнир во тенис<br>3)Традиционални турнири во фудбал<br>4)Синдикални спортски игри<br><br><br><br><br>Манифестации од особен интерес<br><br><br><br>Хуманитарни манифестации | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општина Битола ќе ги финансира спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на континуитетот на вакви манифестации за кои има интерес од страна на граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во општината. | Организаторот на спортската манифестација кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:<br>- програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- организационен одбор на манифестацијата<br>- спортисти,спортски екипи кои ќе настапат<br>- број на лица со посебни потреби вклучени во манифестацијата<br>- број на жени вклучени во манифестацијата<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година | 2022 | 600,000.00 ден.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>200,000.00 ден.<br><br><br><br><br>200,000.00 ден. | Број на реализирани манифестации Број на вклучени лица,број на вклучени жени и број на лица со посебни потреби |
| | Активност | Одго-ворни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **3.** | **УЧИЛИШЕН СПОРТ** | | | | | | |
| **3.1.** | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола | Општина Битола, Општин-ски сојуз на учили-шни спортови | Општина Битола ќе продолжи да ги финансира општинските Училишни Лиги кои се формираат со единствена цел за масовност и поголема застапеност на ученици во лигите кои предходно не се занимавале активно со спорт и со посебен акцент за вклучување на ученици од пониските одделенија и класови. | Училишните лиги ќе придонесат за зголемување на процентот на деца кои ќе се занимаваат со спорт во иднина. Училишните лиги ќе ги организираат директорите на основните и средните училиштата во соработка со општината. | 2022 | 350,000.00 ден. | Број на училишни спортски клубови, број на вклучени деца кои не се занимаваат со спорт, број на женски деца, број на деца со посебни потреби |
| **3.2.** | Општина Битола ќе ја финансира и Програмата на Општинскиот сојуз | Општина Битола, Општинск и сојуз на | Програма претставува збогатување и унапредување на постоечкиот класичен систем на натпревари преку | Основна цел е да се унапреди училишниот спорт со зголемување на бројот на ученици во спортските активности и | | 350,000.00 ден. | Квалитативно системско зајакнување на училишниот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на училишен спорт која е во согласност со Програмата на Федерацијата на училишен спорт и истата е од натпреварувачки карактер | училишни спортов, Федера-ција на училишен спорт | организирање на зонско–меѓузонски, регионални и државни лиги во повеќе спортови од спортските игри, каде основните и средните училишта, преку нивните училишни спортски клубови ќе се вклучат со поголем број ученици во континуиран тренажен процес и зголемен број на натпревари во лиги организирани на три нивоа во текот на целата учебна година. | системот на натпревари. Реализацијата на проектот ќе биде во функција на забрзан развој на системот училишен спорт и целокупниот спорт во нашата држава. | | | спорт Степен на рангирање на училишните спортски клубови на државно ниво |
| **3.3.** | Општина Битола ќе го финансира и Универзитетскиот спорт | Општина Битола, Универ-зитетска спортска федера-ција на Македо-нија | Општина Битола ќе воспостави национален спортски систем на универзитетите и факултетите како и организирање на спортско-рекретаивни активности на студентите | Преку поддршка на Програмата на Универ-зитетската спортска федерација на Македонија ќе се придонесе омасовување на универзитетскиот спорт и грижа за спортистите - студенти | | 300,000.00 ден. | Број на студенти кои ќе земат учество на меѓу универзитетски те лига натпревари на ниво на државата; база за организација и релизација на Прв и Втор степен на натревари на студените кои студираат на постојните (12 универзитети) кои организираат систем на натпревари со опфат на студентите од сите години на студии; |
| | Активност | Одго-ворни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **4.** | **ПРОФЕСИОНАЛЕН СПОРТ** | | | | | | |
| **4.1.** | Општина Битола во насока на унапредување на спортот ќе ги поддржува и финансира професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола | Општина Битола Комисија за евалуаци-ја на барање за финан-сиски средства | Финансиска поддршка на програмите на професионалните акционерски друштва и спортски здруженија во кои општината Битола има капитал: ФК Пелистер АД Битола, РК Еурофарм Пелистер АД Битола, КК Пелистер АД Битола. Препорака:Финансиските средства треба да се распределуваат согласно унапредувањето на родовата еднаквост односно еднаквите можности на мажите и жените. | Со поддршката на професионалните спортски клубови – акционерски друштва им се помага во разрешување на финансиските тешкотии со што ќе понудат соработка и да привлечат голем број компании кои ќе вложуваат. Оваа мерка ќе се придонесе следење на европските и светските искуства каде што најголем број на клубови функционираат како акционерски друштва, регулирање и утврдување на сопственоста и сопственичката структура на клубовите, привлекување на повеќе спонзори и приватни компании кои ќе инвестираат во спортските клубови. | 2022 | 29,000 ,000.00 ден. | Степен на рангирање во првенствените лиги на спортските федерации Број на меѓународни натпревари |

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | **СПОРТ ЗА СИТЕ** | | | | | | |
| **5.1.** | Општина Битола ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните во општината | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Велосипедизам<br>Планинарење<br>Спортско лето<br>Спортски ден на жената | Целта е преку рекреативниот спорт да му се овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината. | 2022 | 400,000.00ден. | Број на настани и број на вклучени граѓани<br>Број на лица со посебни потреби вклучени во активноста<br>Број на жени вклучени во активноста |
| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **6.** | **ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| **6.1.** | Женски спортски клубови/здруженија | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општината ќе ги поддржува и женските спортски здруженија кои се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва | Зголемување на вклученоста на жените и девојчината во највисоките првенствени лиги и поттик за подеднакво финансирањето на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортот.<br>Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на учесници-спортисти, спортски екипи, број на деца со посебни потреби и број на жени кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | 1,400,000.00 ден. | Степен на рангирање во првенствените лиги на спортските федерации<br>Број на меѓународни натпревари |
| **6.2.** | Спортски клубови/здруженија кои се натпреваруваат во колективни спортови во државните лига натпревари | | Општината ќе ги поддржува спортските клубови/здруженија кои се натпреваруваат во државните лига натпревари кои немаат статус на професионални акционерски друштва | Зголемување на вклученоста на младите во колективните спортови како предуслов за создавање на спортисти кои ќе се натпреваруваат во првенствените лиги.<br>Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на лица со посебни потреби кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | 300,000.00 ден. | Број на спортисти |
| **6.3.** | Програми и проекти за активности на лица со посебни потреби | | Општина Битола ќе ги поддржува активностите и проектите на спортските клубови/здруженија кои што работат со деца и лица со посебни потреби | Зголемување на вклученоста на лицата со посебни потреби во спортски активности.<br>Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува: | | 300,000.00 ден. | Број на лица со посебни потреби<br>Број на жени со посебни потреби |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на лица со посебни потреби кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | | |
| | Активност | Одговор-ни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| 7. | МЛАДИ | | | | | | |
| 7.1. | Поддршка на проекти за млади | Општина Битола, Комисија за млади и спорт | Организации на трибини, курсеви и презентации кои континуирано ќе овозможуваат активно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање. | Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време.<br>Организирање на активности за користење на слободното време на младите преку редовни посети на (натпревари, фестивали, промоции, саеми). | 2022 | 350.000,00ден. | Број на активности Број на млади вклучени во нив<br>Број на вклучени лица со посебни потреби<br>Број на вклучени жени |
| 7.2. | Програма на Совет за млади | | Јавен повик за формирање на Совет за млади | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација. | | 250.000,00 ден. | Број на активности Број на млади вклучени во нив |
| | Активност | Одговор-ни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| 8. | СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА | | | | | | |
| 8.1. | Спортски објекти | Општина Битола, АМС, Олимпи-ски комитет Општина Битола, | Реконструкција и модернизација на фудбалски стадиони во руралните средини<br>Адаптација на спортски игралишта и спортски сали прилагодени за лица со попреченост | Подобрување на условите за тренинг како главен предуслов за постигнување на врвни спортски резултати<br>Подобрување на можностите за спортување на лица со попреченост | 2022 | 1,000.000,00 ден. | Број на спортисти<br>Број на фудбалери<br>Број на приврзаници на спортско навивање<br>Број на лица со посебни потреби<br>Број на жени со посебни потреби |
| 8.2. | Спортска опрема и реквизити | Општина Битола со Програма та за прекугран ична соработка со Грција 2014-2020 | Набавка и поставување на спортски реквизити и опрема на отворени и затворени спортски терени (кошаркарски табли и обрачи, ракометни и фудбалски голови, мрежи, топки , пинг-понг маси) | Подобрување на спортската инфраструктура и замена на дотраените спортски реквизити и опрема со нови. | | Донација 392,072,00 ЕУР | Број на учесници-спортисти, спортски екипи, училишни спортски екипи |
| 8.3. | Енергетска реконструкција на Спортска сала „Боро Чурлевски“ проект „Подобрување на | Општина Битола со Програма та за прекугра- | Пилот проект за енергетско реновирање на јавни згради: Спортска сала „Боро Чурлевски“<br>Платформа за енергетска | Главната цел на БЕНЕФИТ е да се зајакнат капацитетите на јавните власти во прекуграничната област на Грција и | 2021/22 | Донација 193,772,50 ЕУР | Подобрени капацитети на јавните власти<br>Размена на искуства |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | енергетската ефикасност на објекти : Демонстрација за јавни објекти " Бенефит | нична соработка со Грција 2014-2020 | ефикасност на прекугранични згради Проекти за енергетско реновирање кои можат да се финансираат преку банки | Република Македонија кон планирање на енергетска ефикасност (ЕЕ) за надградба на енергетските перформанси на јавните згради, како и да се зголеми енергетската свест на поширокото општество за придобивките од Енергетската ефикасност. | | | Високо влијание врз зголемувањето на свеста за енергијата |
| **8.4.** | Минибус на електро погон<br>Помошно возило на електро погон проект „Интеграција на Зелен транспорт во Градовите" | | Набавка на Минибус на електро погон наменет за спортисти и ученици за размена на спортско искуство<br>Набавка на помошно возило на електро погон за спортисти и ученици со посебни потреби<br>Станица за полнење на батериите на возилата со примена на обновливи извори на енергија – соларна.<br>Студија за дефинирање на маршрута за е мини бус<br>Студија за Станицата за полнење | Целта на овој проект е преку примена на обновливи извори на енергија да се дизајнира и примени енергетски ефикасен, регионален интелигентен транспортен систем – ИТС кој ќе го поддржи ефикасното остварување и промоција на секојдневниот транспорт на спортистите и учениците како и олеснување на транспортот во нивното секојдневие<br>Покрај подобрување на транспортот со еколошки решенија Општина Битола со овој проект ќе придонесе и зголемување на меѓусебната размена на знаења и искуства меѓу спортистите и учениците во регионот. | 2021/22 | | Број на спортисти и ученици вклучени во прекугранични спортски активности<br>Број на спортисти и ученици со посебни потреби вклучени во прекугранични спортски активности.<br>Приближување до активностите и идеите за животна средина и пример за идна интеграција на слични иновативни инфраструктурни системи во општината со цел за заштитата на животната средина и употреба на електрични возила.<br>Изготвена и достапна за користење мобилна апликација |
| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **9.** | **ПРЕДЛОГ МЕРКИ** | | | | | | |
| **9.1.** | Изготвување на Стратегија за спорт | Општина Битоа во соработка со спортските клубови/ здруженија, спортските федерации, Факултет за физичка култура, МОК и АМС | Изработка и имплементација на стратегија за спорт | Јасно идентификување на проблемите со кои се соочуваат спортистите и дефинирање области на делување со посебен акцент на спортовите во кои општината бележи значајни резултати. | 2022 | Програма за економски развој, Донација | Имплементирана Стратегија за спорт усвоена од Советот на Општина Битола |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.2.** | Изготвување на Стратегија за млади | Општина Битоа во соработка со здружени-ја на граѓани и АМС | Изработка и имплементација на стратегија за млади | Креирање на можности за вистинско и значајно вклучување на различните групи млади жени и мажи во процесите на носење и имплементација на одлуки на сите нивоа и во сите аспекти на општественото живеење кои ги засегаат.Младите луѓе ќе бидат активни чинители и клучни партнери во сите процеси на развој и градење на демократско и прогресивно општество. | | | Имплементи-рана Стратегија за млади усвоена од Советот на Општина Битола |

| Ред. бр | шифра | Опис на контото | Планирано за 2022 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | 463 120 | ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ | |
| 2 | LO | Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2022 | 35,000,000.00 ден. |
| 3 | АО | Јавен повик од Совет на општина Битола | 2,000,000.00 ден. |
| 4 | ДО | Градоначалник | 100,000.00 ден |
| 5 | 742 | ДОНАЦИИ | |
| | | Вкупно | 37.100.000,00 ден. |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Висината на средствата за реализација на Програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола.

Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2022 година се финансира од буџетот на општина Битола, донации и спонзорства, а поединечната евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка кои се предвидени во оваа програма ги евалуира Комисија од општинската администрација. Извршените евалуации Комисијата ги доставува за одобрување согласно определената надлежност за доделување на финансиски средства. Комисијата при реализација на програмата има обврска да ги почитува принципот на јавност и транспарентност и при доделување на средствата да води сметка за усогласеност на исплатата со неопходноста за исплата и финансиски можности на буџетот на општина Битола. При евалуација Комисијата ќе посветува посебно внимание на оправданоста на потрошени средства од претходни реализации на програми и проекти од Програмата за активности во областа на спортот и младите во општината Битола, образложени во навремено доставен извештај по реализиран проект.

Бр.09-156/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Решението за давање согласност на План за измени и дополнување на Социјален план на Општина Битола за 2021-2024 година

1. Го објавувам Решението за давање согласност на План за измени и дополнување на Социјален план на Општина Битола за 2021-2024 година, донесен на

седницата на Советот на општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Р.М.“ Бр.05/2002) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на План за измена и дополнување на Социјален план на Општина Битола за 2021-2024 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на План за измена и дополнување на Социјален план на Општината Битола 2021-2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-156/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за социјална заштита во Општина Битола за 2022 година**

1. Ја објавувам Програмата за социјална заштита во Општина Битола за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2022 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Битола мора да биде град по мерка на секој граѓанин, град кој што ќе осигурува квалитет на живот според начелата на праведност, еднаквост и почитување на човековите права, социјалните услуги мора да бидат правовремени, фокусирани и достапни за сите подеднакво. Посебно внимание им се посветува на повозрасните лица, децата и младите, децата со потешкотии во развојот, лицата со попреченост, корисниците на гарантирана минимална помош, невработените, еднородителските семејства, повеќечлените семејства, жртвите на семејно насилство и другите ранливи и загрозени категории на граѓани.

Општина Битола при донесувањето Програма за социјална заштита внесува веќе применети практики и искуства од други европски градови, услуги за сите социјално - ранливи категории, а во центарот се егзистенцијалните потреби на секој поединец.

Социјалната заштита игра клучна улога во јакнење на отпорноста кај децата, семејствата и заедниците, како и при поддршка на човековиот и економскиот развој во земјата.

Во насока на подобрување на условите на локално ниво во сферата на социјалната

заштита, Општина Битола прави напори да во рамките на своите можности се вклучи посеофтно и порганизирно во решавање на проблемите на своите граѓани на кои им се заканува сиромаштија и социјална исклученост поради болест, долготрајна невработеност и слични тешки животни околности и им е потребна наша помош.

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Со програмата за социјална заштита општина Битола се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневието на општината.

Програмата за социјална заштита за 2022 година на Општина Битола дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните на град Битола, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните на Општина Битола. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Битола за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Програмата за социјална заштита на Општина Битола е сеопфатен систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани, особено на најсиромашните и социјално исклучените граѓани. Програмата за социјална заштита е социјална инвестиција која ќе произведе позитивни трендови што ќе бидат препознатливи за граѓаните. Општина Битола се обврзува да ги земе предвид реалните услови за живот и потребите на граѓаните, материјалните, професионалните и организациските можности на Општина Битола, како и практичните и теоретски современи достигнувања во социјалната политика.

Со оваа програма се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања.

Појдовна основа за оваа програма е Законот за социјална заштита и ингеренциите кои произлегуваат од него, односно во делот на создадените обврски кон општините да организираат и обезбедат социјална заштита согласно специфичните потреби за социјалната заштита за своите граѓани, но и дополнително, ги штити социјално најранливите граѓани кои, поради неповолни лични или социјални околности, не се во можност сами да ги задоволат своите основни животни потреби.

**ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА САМАТА ПРОГРАМА**

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа, односно програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2022 година произлегува почитувајќи ги:

- Социјален план на општина Битола 2021-2024,
- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.7.2019 година),
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година ),
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.7.2019 година),
- Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),

- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),
- Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),
- Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002 година),
- Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),
- Националната политика за социјална заштита, и
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

Според овие закони, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на здравствена, социјалната заштита и заштита на децата, преку донесување **сопствени Програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита** (за лица со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно социјални проблеми, лицата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита), **заштита на децата** (преку згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација, други облици на детска заштита) и **здравствената заштита** (во поглед на унапредување на здравјето, превентвни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа и сл.) и ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во Општина Битола е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробитта на своите граѓани, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, девојчињата и момчињата. Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик. Целни групи кои ке бидат опфатени со Програмата со социјална заштита се сите граѓанит од општина Битола кои во моментот на своето живеење и делување биле зафатени или погодени од одредени социјални ризици.

Основна цел на програмата за социјална заштита на територија на општина Битола е општината да им помогне на граѓаните во надминување на социјалните ризиците на кои се изложени, и вооедно да ја зајакне мрежата на услуги заедно со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните како и обезбедување на активен однос на Општина Битола кон задоволување на потребите и нтересите на граѓаните преку

развој на интегрален, транспарентен и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни и квалитетнии мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на општина Битола.

Социјалната политика на Општина Битола е насочена кон надминување на животните ризици, изедначување на животните можности и подигнување на општата благосостојба на граѓаните. Основните начини на интервенции во социјалната политика се парични или непарични бенефиции, услуги и социјални услуги регулирани со соодветни законски регулативи. Суштината на спроведувањето на мерките за социјална политика е остварување на социјалните права на граѓаните и учество во сите материјални и социјални достигнувања на општеството со акцент на помагање на социјално исклучените граѓани.

Покрај директните форми на помош на најранливите социјални групи како што се: лица без сопствен приход, пензионери, семејства со самохран родител, лица со попреченост, Општина Битола од година во година ги зголемува инвестициите во социјална инфраструктура како што се домување, капитални инвестиции во предучилишни установи, училишта, спортски установи, здравствени установи, се со цел да се постигнат позитивни ефекти врз економската, здравствената и психосоцијалната стабилност на нејзиното население.

При спроведувањето на мерките за социјална политика на Општина Битола, услугите се инструменти што треба да се развиваат во сите области и активности. На долг рок, тие најдобро ги задоволуваат потребите на најголемиот број на корисници. Затоа, во текот на следниот период, Општина Битола ќе инсистира на понатамошен развој и подобрување на социјалните услуги, особено за најранливите социјални групи, преку спроведување на мерките на Социјалната програма.

## ПРИОРИТЕТИ

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Битола во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Финансиска поддршка на лица кои имаат потреба од неа
- Социјална заштита на стари лица
- Ран детски развој
- Социјална заштита на лица со попреченост
- Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост

Социјалната заштита што се развива на локално ниво, на граѓаните ќе обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активности кои ќе се реализираат во текот на 2022 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Градот Битола, во областа на социјалната заштита.

## СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма се:

- ризици по здравјето (болест, повреда и попреченост)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

## ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Системот на социјална заштита се заснова на начелото социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и на неспособните граѓани за работа, со посебна грижа и заштита на

семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Вредности и принципи врз кои се темели Програмата за социјална заштита на Општина Битола се основните принципи на универзалните човекови права и слободи содржани во Универзалната декларација за човекови права, Европската Конвенција за заштита на човековите права, Конвенцијата за правата на детето, и Конвенција за правата на лицата со попреченост, како и на:

- Најдобри интереси на корисниците
- Социјална праведност и солидарност
- Достапност на услугите на корисниците
- Заштита на немоќните
- Учество и одговорност на учесниците
- Грижа и заштита на семејството во било каков облик и децата без родителска грижа
- Родова сензитивност
- Континуитет на заштита

## УЛОГА НА СОВЕТ, ГРАДОНАЧАЛНИК И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПРИ РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Советот на Општина Битола ја усвојува оваа Програма со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живеаат во Општина Битола. Со оваа Програма ќе се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања.

Локалната самоуправа има надлежност во делот и на здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, надзор над заразни болести и други области утврдени со закон. Исто така во планирањето на социјалната заштита на локално ниво можи да се остваува и меѓуопштинска соработка, да се основаат заеднички јавни установи од областа на социјална и детска заштита.

Градоначалникот и Советот на Општина Битола се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди. Но и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилчишна возраст во Детските градинки во Битола.

Програмата е изготвена врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа и се дава на усвојување на Советот на Општина Битола.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства од Буџетот на општина Битола предвидени за 2022 година одредени за таа цел, како и преку други форми и активности за обезбедување финансиска поддршка за нивно реализирање од:

- Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство; и
- други извори.

одржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

## АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА БИТОЛА 2022 ГОДИНА

Активностите на Општина Битола во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за оставрување на целите на ој план и тоа кон:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи
- Создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица и иновативни форми за згрижување на сиромашни семејства
- Помош за лица погодени од несреќи и непогоди
- Промовирање на родовата рамноправност
- Грижа за старите лица
- Помош на лица – жртви на семејно насилство
- Промовирање на родовата рамноправност
- Вклучување во партнерските проекти со повисоки нивоа на вл**аст и граѓански организации.**

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2022 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во пет основни ставки, како што следува:

Првата активност вклучува **Доделување на еднократна парична помош** и се состои од еднократна парична помош за физички лица која што има за цел да обезбеди поддршка на лица изложени на социјален ризик меѓу кои и болни и изнемоштени лица, лица со попреченост, семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави), самохрани родители без дополнителни приходи, поддршка на ученици за натпревар од повисок ранг, лица кои што ја останале без работа и приходи поради Ковид 19 криза, семејства со школски деца кои слушаат настава онлајн, поддршка на деца без родители на почетокот на учебната година, лица кои се борат или се избориле со Ковид заблување, жртви на семејно насилство, лица со попреченост кои имаат деца кои започнуваат на училиште,.. и за оваа активност најнапред ќе се спроведе ревидирање на критериумите за доделувања на оваа еднократна помош.

Втората активност е насловена **Социјална заштита на стари лица** која во себе вклучува поддршка на центар за активно стареење реализиран во соработка со Здруженија на пензионери и локални институции како и МТСП како и поддршка на активности во насока на промоција на активна вклученост на старите лица во општествениот и социјалниот живот што ќе придонесат кон зголемена општествена, социјална и културна активност на старите лица.

Третата активност која е **Ран детски развој** е активност која во себе вклучува зголемување на капацитетите на детските градинки преку изградба, опрема и пуштање во функција на две детски градинки и физичка делба и адаптација на Домот за доенчиња со цел згрижување на поголем број на деца во детски градинки. Како дел од оваа активност вклучен е и надоместок за партиципација на деца во детските градинки за деца од семејство чија материјална состојба е нарушена поради претрпени природни непогоди и дете од семејство на самохран родител чии месечни приходи се во износ до минималната плата како и згрижување на деца од родители жртви на семејно насилство во детските градинки, згрижување на деца жртви на семејно насилство во детските градинки, згрижување на деца на лица со попреченост во детските градинки но исто така тука е и вклучена и инклузија на ромските деца од социјално загрозените семејства во детските градинки во Битола, за што општината обезбедува финансиски средства за нивни превоз и месечен надоместок за градинка но и соработка со Здруженијата на граѓани кои работат со ромските деца за нивно едуцирање, вклученост во образовниот процес, особено за децата од ранливите категории,

семества со социјален ризик и превенција и намалување на бројот на деца на улица како и финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев/ посебна паралелка.

Четвртата активност е насочена кон **Социјална заштита на лица со попреченост** и таа ќе биде реализирана преку одржливост Регионален ресурсен центар за слепи лица но и одржување на адаптиран превоз за лица со попреченост, како и користење на бесплатен јавен градски превоз за лица со попреченост со ваучери за бесплатно користење на услугите. Исто така се вклучени и Општинско корисна работа преку воспитно образована дејност за деца со попреченост преку обезбедување лични асистенти во наставно воспитниот процес и/или образовни асистенти како и ангажирање на негователи во детски градинки. Програмата Општинско – корисна работа има за цел:

1. Да им помогне и да обезбеди социјална вклученост на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд
2. Да ја зголеми понудата на социјалните услуги согласно потребите на населението во надлежност на локалната самоуправа
3. Да им помогне на жителите на територијата на локалната самоуправа, преку обезбедување на услуги од социјални сфера.

Тука е вклучена и програмата општинско корисна работа СДЦ што се реализира со обука на едукатори ќе се стекнат со знаења и вештини за работа со ромски деца од социјално загрозени семејства и со тоа ќе станат конкуренти на пазарот на трудот подобрување на образованието на слепите лица со што лицата кои покасно го загубиле видот и немале можност да се образоваат во специјално училиште за слепи лица им нудиме можност да го научат браевото писмо и стекнување на одредени вештини, кои ќе им помогнат во нивно осамостојување но и ангажирање на лице толкувачи на знаковен јазик кои ќе ги придружуваат лицата со проблеми во слух и говор при посета на институции, медицински установи и слично. Во овој дел се вклучени и дополнително ангажирани лица во јавните претпријатија за обавување на јавни работи во сезонскиот период кога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, како и во делот на извршување на дополнителни активности надвор од предвидените програми за работа на ЈП кои се однесуваат на активности на проширување на дејноста на одржување на јавната чистота и подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини, кога се јавува потреба од дополнителни лица ангажирани како и инфраструктура за лица со попреченост со изградба на пристапни рампи како и прилагодување на постоечка инфраструктура во институции и училишта, како и обележување на значајни датуми одредени од здруженија на граѓани во рамките на Совет за социјална заштита на општина Битола.

Покрај тоа е воведена и активноста насловена како Инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата и која предвидува финансиска поддршка на лица со попреченост со цел адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема за физичка пристапност, во понатамошниот текст инфраструктура и опрема за физичка пристапност, опфаќа адаптација на веќе постоечки или изградба на нови пристапни рампи, или набавка и монтажа на фиксни или преносни пристапни рампи (опрема), платформи и лифтови, направи за искачување на скали со инвалидски колички, во домот на лицата со попреченост, со цел надминување на висински растојанија или други физички препреки или бариери до и во домот, адаптација на делови од домот преку набавка на опрема која е прилагодена за користење од страна на лица со попреченост или адаптација во физичкиот простор (прилагодување на тоалет, промена на врати со соодветна ширина за инвалидска количка, правење на пристапни патеки и тн.).

Покрај тоа во оваа активност е предвидено и Општина Битола во соработка со Здруженијата на граѓани и Црвен крст да оствари обука за лични асистенти на лица

со попреченост преку едукација на 24 асистенти кои потоа со сертифицирање од обуката лицата се вработени со договор на дело и се исплаќа сатница во соработка со МТСП.

Вклучени се и активности за пишување, дизајн, изработка и поставување табли со брајово писмо во институции што ќе донесе до зголемено учество на слепи лица како и инфраструктура на лица со попреченост со цел да се подобри животот на лицата со оштетен вид, слух, лица со телесна попреченост за што Општина Битола ќе помогне во прилагодување на постоечка инфраструктура и покрене иницијатива за отпочнување на постапка за изградна на нова инфраструктура во рамките на финансиските можности во програма на одделение комунални дејности.

Последната петта активност од оваа програма е насочен кон **Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост** што ќе биде реализирано преку активност насловена како домување за жртви на семејно насилство каде Општина Битола ќе овозможи помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство преку Финансиска поддршка од 5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за покривање на трошоци на закупнина на живеалиште (стан, соба, итн.) во период до 12 месеци, наменета за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина, го пријавиле насилството во центарот за социјална работа, немаат живеалиште на свое име и не можат да обезбедат живеалиште поради невработеност или ниски примања или, не можат да обезбедат домување кај примарното или поширокото семејство, не се во ризик од идно насилство и/или биле сместени во шелтер центар (засолниште) и по напуштање на шелтерот не можат да обезбедат сопствено живеалиште. Согласно член 35 од Законот за гробишта и погребални услуги, доколку умреното лице било корисник на постојана парична помош и нема семејство, трошоците за истиот се на товар на општината во висина од 10.700 ден. Според податоците на Центарот за социјални работи на територијата на Општина Битола има 100 потенцијални корисници на постојана парична помош за што Општина Битола обезбедува покривање на трошоци за погреб на социјално загрозени лица и лица без семејство.

Во оваа активност се вклучени и активностите за превенција и еднакви можности во општествената, здравствената и социјалната заштита на лица од ранливи и чувствителни групи односно активности во насока на промоција на здравјето и превенција на болестите, обезбедување на средства за заштита и превенција од дискриминација, запознавање со правата на лицата со попреченост, зголемување на капацитетите на лицата од ранливи категории, подготовка, организација и спроведување на активности кои инволвираат лица од ранливи и чувствителни групи, кампања за подигнување на свеста кај родителите за важноста на предучилишното, основното, средното и високото образование, активности и информативни средби со ранливи групи и ромско население за потребата од имунизација, бесплатно здравствено осигурување, сексуално- репродуктивно здравје и посета на доктор и здравствени институции, но и центар за кариерно – здравствено советување преку обезбедување на кариерно советување за образование на деца роми и нивните родители и промовирање на здравствената писменост на Ромите од обучени здравствени медијатори и формирање на Центри за здравствено образование на Заедницата согласно проектот Еразмус, подобрување на квалитетот на живот на Роми во општина Битола преку зголемување на нивните капацитети и активно учество во образовниот процес и здравствената заштита.

Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа и психосоцијална поддршка за различни категории граѓани во социјален ризик (жртви на семејно насилство, Роми, лица со попреченост...), односно Советодавна поддршка за оспособување на лица од ранливи категории, личен и професионален развој на ранливи групи, групна и индивидуална психосоцијална поддршка, обезбедување обуки и активности за интеграција на лицата од ранливи групи според нивната функционалност на пазарот на трудот за

подобрување на нивниот социоекономски статус и благосостојба.

Згрижување на бездомни лица и лица во ризик, интервентно сместување, односно Општина Битола во соработка со Црвен крст и ЦСР ќе обезбеди интервентно згрижување на бездомни лица и лица во ризик кои што поради непредвидени причини, елементарни непогоди, пожар и слично останале без дом, односно, во време на студен бран од 15 Октомври 2021 до 15 Април 2022 згрижување на бездомни лица или лица по препорака од Центар за социјална работа максимум до 10 лица, дојава на бездомник како и промотивно видео од 40 до 60 секунди за работата со бездомни лица каде е нагласена подршката од Општина Битола.

Покрај тоа ќе се обезбеди и поддршка на иновативни форми од социјална заштита и поддршка на активностите на Советот за превенција на детско престапништво, Советот на волонтери, Советот за социјална заштита, Советот за превенција, општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, поддршка на активностите на Програмата на ЛЕСС и општински совет за заштита на потрошувачи.

Карти за лица со попреченост за културни настани односно бесплатен влез на културни манифестации за лица со попреченост како би се постигнало зголемено учество на лица со попреченост во културни текови но и субвенционирање на фирмарина на фирми кои се управувани од лица со поп/ самохрани со старателство врз деца, жртви на семејно насилство што ќе доведе до поттикнато претприемништво, помогнат мал бизнис, зголемување на финансиска стабилност.

Преку програма за млади и спорт ќе се ангажираат 30 студенти во период од еден месец секој во ОБ и ЈП, а ќе се обезбеди и поддршка на спортски клубови кои организираат активности/ и/ или вклучуваат лица со попреченост и ваучери за членување во спортски клубови за деца со попреченост во инклузивни групи и ќе се создадат можности за спортување на лица со попреченост.

Преку програма за поддршка на здруженија на граѓани РИЛОУД 2, во програма за економски развој ќе бидат поддржани здруженија, финансиски, кои би испорачувале социјални услуги.

Во оваа активност предвидена е менторска поддршка на лица од ранливи групи при идентификување на своите работни способности и вештини и водење при процесот на вработување и први работни денови Да им помогне на барателите на работа, лица од ранливи групи, брзо и поуверено да се аклиматизираат на своите професионални улоги и Подготовка на Стратегија за Роми со цел подобрување на животот на Ромите во општина Битола, подготовка на локална стратегија за социјални претпријатија согласно националната како и стратегија за социјални претпријатија за создавање на подобру услови и потикнување за отварање на социјални претпријатија.

Исто така предвидено е и воспоставување на специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство со цел надминување на последиците и траумите од насилството и јакнење на самодовербата на жртвите.

Програмските активности за социјална заштита ќе ги реализира Општина Битола во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните.

## ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Битола се:

- -обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;
- -организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Битола.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Битола го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област.

АКЦИОНЕН ПЛАН

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД) | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доделување на парична помош | | | | | | |
| 1.1. | Еднократна парична помош на физички лица | Градоначалник, Комисија за финансии и буџет | Еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик, жртви на семејно насилство, лица со попреченост, ученици за одредено научно достигнување, лица кои имаат медицински режим на исхрана | Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата | 2022 | 5,000,000.00 | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 2 | Социјална заштита на стари лица | | | | | | |
| 2.1. | Активна вклученост на старите лица во општествените текови, Центри за активностареење | Општина Битола, ЗГ Здружение на пензионери | Активности во насока на промоција на активна вклученост на старите лица во општествениот и социјалниот живот | Зголемена општествена, социјална и културна активност на старите лица | 2022 | 50,000.00 | Број на лица и ЗГ вклучени |
| 3 | Ран детски развој | | | | | | |
| 3.1. | Зголемување на капацитетите на детските градинки | Општина Битола, Одделенеи за комунални дејности, МТСП, Светска банка | Изградба, опрема и пуштање во функција на две детски градинки и физичка делба и адаптација на Домот за доенчиња. Средства во програма за комунални дејности | Згрижување на поголем број на деца во детски градинки | 2022 | Програма за комунални дејности | Број на зголемен капацитет по деца во детските градинки, број на ангажирани лица |
| 3.2. | Надоместок за партиципација на деца од детските градинки | Општина Битола, Градинките | Согласно член 53 од Законот за заштита на деца МТСП донесе правилник за критериуми за остварување на право на партиципација но Општина Битола тоа го проширува и на други категории на деца | Згрижување на деца од загрозени семејства во детските градинки, Згрижување на деца од родители жртви на семејно насилство во детските градинки, Згрижување на деца жртви на семејно насилство во детските градинки, Згрижување на деца на лица со попреченост во детските градинки | 2022 | 200,000.00 | Број на згрижени деца од загрозени семејства во детските градинки |
| 3.3. | Инклузија на деца Роми | Општина Битола , МТСП | Со проектите за инклузија на ромските деца од социјално загрозените семејства во детските градинки во Битола, Општината обезбедува финансиски средства за нивни превоз и месечен надоместок за градинка | Целта е нивно вклучување во воспитно образовниот процес и социјализација со другите деца, стекнување здрава навики, | 2022 | 650,000.00 | Број на деца Роми вклучени во процесот на инклузија, број на Здруженија на граѓани вклучени во процесот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | згрижување на овие деца и олеснување на нивната адаптација пред да започнат со редовно школување. | | | |
| 3.4. | Обезбеден превоз на деца со попреченост до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев | Општина Битола | Финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев/ посебна паралелка | Преку програма за образование | 2022 | Преку програма за образование | Број на лица вклучени |
| 4 | Социјална заштита на лица со попреченост | | | | | | |
| 4.1. | Одржливост Регионален ресурсен центар за слепи лица | Општина Битола | Центарот е формиран со поддршка на УНДП и 5 те општини.За отварање на центарот и негово функционирање изготвен е елаборат според кој на годишно ниво потребни средства за функционирање се 1.500.000 ден од кои МТСП ќе обезбеди 1.000.000 ден . а општините според Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе финансираат со 2% од буџетот за финансирање на Здруженија на граѓани и фондации | Одржливост на регионален ресурсен центар за слепи лица | 2022 | 80,000.00 | Број на лица кои го посетуваат, ги користат услугите и број на лица кои ги обезбедуваат услугите |
| 4.2. | Одржување на адаптиран превоз на лица со попреченост | Општина Битола, ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз | Одржување на превоз на лица со потешка попреченост | Олеснето движење на лицата со потешка попреченост | 2022 | Во програма за оддржување на возила | Број на возила чие одржување се помага, број на лица вклучени во превоз – корисници и шофери |
| 4.3. | Користење на јавниот градски превоз за лица со посебни потреби | Општина Битола | Набавка на ваучери за користење на јавен градски превоз за лица со посебни потреби | Користење на јавниот градски превоз за лица со посебни потреби | 2022 | 10,000.00 | Број на изготвени картици за лица кои користат бесплатен јавен превоз, број на превозници вклучени во процесот |
| 4.4. | Општинско корисна работа | УНДП општина | Воспитно образована дејност за деца со попреченост преку обезбедување лични асистенти во наставно воспитниот процес и/ или образовни асистенти и негователи во градинки 1300000 Општина, 1201000 УНДП (16 асистенти 80% финансирани од УНДП и 20% Општина Битола и 10 асистенти финансирани од Општина Битола) | Ангажирање на 6 0бразовни асистенти за 6 крајни корисници деца со посебни потреби во СОУ „Таки Даскало“ и останатите основни и средни училишта каде има потреба, зголемување на бројот на лични асистенти на ученици во основни и средни училишта, ангажирање на 20 негователки во градинки, ангажирање на лица во ЗГ | 2022 | 2,501,000.00 | Број на деца со попреченост вклучени во редовен образовен процес, број на образовни и лични асистенти вклучени, број на негователи вклучени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5. | Општинско корисна работа СДЦ | Општина Битола, УНДП-СДЦ | Обука на едукатори кои работат со ромски деца и изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, толкувачи на знаковен јазик | Подобрување на училишниот успех и редовноста кај ромски деца, Вклучување на деца Роми од 3 -6 годишна возраст за подобар ран детски развој во Сумнал, Зголемен број на заинтересирани родители за образованието на нивните деца, едукација на слепи лицаа за браево писмо, толкувач на знаковен јазик придружник на лица со проблеми со слух и говор | 2022 | 500,000.00 | Број на едукатори вклучени, Број на слепи лица вклучени, Број на деца вклучени |
| 4.6. | Јавни работи | Општина Битола, Јавните претпријатија | Ангажирање на дополнителен број на извршители во Јавните претпријатија основани од Општината кои би биле ангажирани за наведените активности. | Со овој проект се планира да бидат работно ангажирани околу 25 - 30 небравотени лица со ниско и средно образование во период од 4 месеци. | 2022 | 1,000,000.00 | Број на лица вклучени |
| 4.7. | Обележување на значајни датуми | Општина Битола, ЗГ | Значајни датуми одредени од ЗГ | Поддршка за обележување на значајни денови во вид на финансиска, материјална или лична преку присуство на членови на совет на ОБ, Градоначалник и лица вработени во ОБ на настани во организација на ЗГ | 2022 | 50,000.00 | Број на настани реализирани |
| 4.8. | Инфраструктура за лица со попреченост | Одделение за ЛЕР и ЈП за просторно планирање изработка на проектна документација, Одделение за комунални дејности, 1.000.000 Одд. за комунални дејности | Мапирање на функционалната пристапност и приспособување на објекти<br>Изработка на проектна документација<br>Изградба на пристапни рампи | Со цел да се подобри животот на лицата со оштетен вид, слух, лица со телесна попреченост, Општина Битола ќе помогне во прилагодување на постоечка инфраструктура и покрене иницијатива за отпочнување на постапка за изградна на нова инфраструктура во рамките на финансиските можности . во програма на одделение комунални дејности 1.000.000,00 ден | 2022 | Одд. за економски развој и одд. за комунални дејности | Изготвен план на објекти за кои е потребно приспособување, Ирзботена проектна документација, Број на објекти кои добиле притапна рампа |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.9. | Обука за лични асистенти на лица со попреченост | Општина Битола, ЗГ, Црвен крст, АВРМ и ЦСР | Општина Битола во соработка со Здруженијата на граѓани и Црвен крст ќе оствари Обука за лични асистенти на лица со попреченост преку едукација на 20 асистенти | Со сертифицирање од обуката лицата се вработени со договор на дело и се исплаќа сатница во соработка со МТСП | 2022 | 480,000.00 | Стари и изнемоштени лица на ниво на општина Битола |
| 4.10. | Поставување табли со брајово писмо во институции | Општина Битола, ЗГ | Пишување, дизајн, изработка и поставување табли со брајово писмо во институции | Зголемено учество на слепи лица | 2022 | 40,000.00 | Број на институции кои добиле табли со брајово писмо, број на табли со брајово писмо |
| 4.11. | Адаптација на физичка пристапност за лица со попреченост во домот на лицата | Општина Битола | Финансиска поддршка на лица со попреченост со цел адаптација на физичката пристапност во нивниот дом преку покривање на дел или целосно на трошоците за изградба на пристапни рампи или платформи за инвалидски колички адаптација | Пристапни домови за лица со физичка попреченост | 2022 | 1,000,000.00 | Број на лица кои добиле поддршка за адаптација |
| 5 | Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост | | | | | | |
| 5.1. | Домување за жртви на семејно насилство | Општина Битола | Помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина | Финансиска поддршка од 5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за покривање на трошоци на закупнина на живеалиште (стан, соба, итн.) во период до 12 месеци.<br>Наменета за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина.<br>- го пријавиле насилството во центарот за социјална работа;<br>- немаат живеалиште на свое име и не можат да обезбедат живеалиште поради невработеност или ниски примања или;<br>- не можат да обезбедат домување кај примарното или поширокото семејство;<br>- не се во ризик од идно насилство и/или,<br>- биле сметени во шелтер центар (засолниште) и по напуштање на шелтерот не | 2022 | Програма за еднакви можности 2022 | Број на лица кои користат фин подршка за домување |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | можат да обезбедат сопствено живеалиште; | | | |
| 5.2. | Социјален погреб | Општина Битола | Согласно член 35 од Законот за гробишта и погребални услуги , доколку умреното лице било корисник на постојана парична помош и нема семејство , трошоците за истиот се на товар на општината во висина од 10.700 ден. Според податоците на Центарот за социјални работи на територијата на Општина Битола има 100 потенцијални корисници на постојана парична помош | Покривање на трошоци за погреб на социјално загрозени лица и лица без семејство | 2022 | 80,000.00 | Обезбедени услуги |
| 5.3. | Превенција и еднакви можности во општествената, здравствената и социјалната заштита на лица од ранливи и чувствителни групи | Општина Битола, ЗГ | Активности во насока на промоција на здравјето и превенција на болестите, обезбедување на средства за заштита и превенција од дискриминација, запознавање со правата на лицата со попреченост, Зголемување на капацитетите на лицата од ранливи категории, подготовка, организација и спроведување на активности кои инволвираат лица од ранливи и чувствителни групи, кампања за подигнување на свеста кај родителите за важноста на предучилишното, основното, средното и високото образование, активности и информативни средби со ранливи групи и ромско население за потребата од имунизација, бесплатно здравствено осигурување, сексуално-репродуктивно здравје и посета на доктор и здравствени институции | Обезбедени средства за заштита и превенција на пренос на заразни болести, превенција од дискриминација, запознавање со правата на лицата од ранливи и чувствителни групи обуки и работилници пропратени со соодветен промотивен материјал | 2022 | 100,000.00 | Број на лица вклучени |
| 5.4. | Центар за кариерно – здравствено советување | Општина Битола ЗГ Сумнал | Обезбедување на кариерно советување за образование на деца роми и нивните родители, Промовирање на здравствената писменост на Ромите од обучени здравствени медијатори и формирање на Центри за здравствено образование на Заедницата согласно проектот Еразмус | Подобрување на квалитетот на живот на Роми во општина Битола преку зголемување на нивните капацитети и активно учество во образовниот процес и здравствената заштитаапреку изработка на АП заштита | 2022 | 1,652,000.00 | Број на Лица од ранливи групи- роми на ниво на општина Битола вклучени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.6. | Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа и психосоцијална поддршка за различни категории граѓани во социјален ризик (жртви на семејно насилство, Роми, лица со попреченост...) јакнење на самодовербата на жени, жртви на семејно насилство, за самовработување | Општина Битола, Здрженија на граѓани | Советодавна поддршка за оспособување на лица од ранливи категории, личен и професионален развој на ранливи групи, групна и индивидуална психосоцијална поддршка, Обезбедување обуки и активности за интеграција на лицата од ранливи групи, според нивната функционалност на пазарот на трудот за подобрување на нивниот социоекономски статус и благосостојба | Зголемување на капацитетите на ЗГ, подобрени знаења, вештини и психосоцијална добробит на лица | 2022 | 90,000.00 | Број на ЗГ вклучени |
| 5.7. | Згрижување на бездомни лица и лица во ризик, интервентно сместување | Општина Битола во соработка со Црвен крст и ЦСР | Интервентно згрижување на бездомни лица и лица во ризик кои што поради непредвидени причини, елементарни непогоди, пожар и слично останале без дом | Згрижување на бездомници во период на студен бран, згрижување на лица, семејства, вклучително и деца кои што се во ризик – привремен дом во хотел Битола | 2022 | 900,000.00 | Број на лица згрижени |
| 5.8. | Поддршка на иновативни форми од социјална заштита | Општина Битола во соработка со ЗГ | Поддршка на иновативни форми од социјална заштита | Поддршка на иновативни форми од социјална заштита | 2022 | 30,000.00 | Број на активности поддржани |
| 5.9. | Поддршка на активностите на Советот за превенција на детско престапништво | Општина Битола, Совет за превенција на детско престапништво | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на ОСПДП | Намалување на ризикот од појава на детско престапништво | 2022 | 40,000.00 | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 5.10. | Поддршка на активностите на Советот на волонтери | Општина Битола, Советот на волонтери | Финансиска, материјална поддршка при реализирање на активности на Советот на волонтери | Зголемување на обемот и квалитетот на волонтерски активности, Реализирање на волонтерски акции | 2022 | 140,000.00 | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 5.11. | Поддршка на активностите на Советот за социјална заштита | Општина Битола, Советот за социјална заштита | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на Советот за социјална заштита | Зголемување на обемот и квалитетот на активности во реализација на Совет за социјална заштита, Подобрување на капацитетите на советот за социјална заштита, Зголемена активност на ЗГ | 2022 | 40,000.00 | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 5.12. | Поддршка на активностите на општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата | Општина Битола, општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата | Намалени ризици од опасности, зголемена безбедност и сигурност, зголемени превентивни мерки | 2022 | 40,000.00 | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 5.13. | Поддршка на активностите на Програмата на ЛЕСС | Општина Битола, ЛЕСС | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на ЛЕСС | Зголемување на обемот и квалитетот на активности во реализација на ЛЕСС, Подобрување на капацитетите на ЛЕСС Зголемена активност на ЗГ | 2022 | 40,000.00 | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.14. | Поддршка на активностите на општински совет за заштита на потрошувачи | Општина Битола, ЛЕСС | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на ЛЕСС | Зголемување на обемот и квалитетот на активности во реализација на ЛЕСС, Подобрување на капацитетите на ЛЕСС Зголемена активност на ЗГ | 2022 | 40,000.00 | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 5.15. | Анализа на состојба на Родовобазирано насилство и семејно насилство | Општина Битола, ЗГ, МТСП, ЦСР, МВР | Поддршка на изработка на анализа на состојбата со РБН и СН во Општина Битола и подготовка на извештај | Следливос на состојбата во текот на годините | 2022 | Програма за еднакви можности 2022 | изготвен завршен извештај |
| 5.16. | Промотивна кампања | Општина Битола | Поддршка за одредени активности и цели | Печатен промотивен материјал за потребите на одредена активност | 2022 | 30,000.00 | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 5.17. | Карти за лица со попреченост за културни настани | Општина Битола, Дом на култура, Театар, КИЦ | Бесплатен влез на културни манифестации за лица со попреченост | Зголемено учество на лица со попреченост во културни текови | 2022 | 0.00 | Број на лица вклучени |
| 5.18. | Студентска пракса | Општина Битола, Универзитет | Студенти практиканти ангажирани во ОБ и ЈП | Ангажирање на 30 студенти во период од еден месец секој во ОБ и ЈП, | 2022 | Програма за млади и спорт | Број на лица вклучени |
| 5.19. | Инклузија на лица со попреченост во спортски настани | Општина Битола | Активности во насока на зголемување на учество на лица со попреченост во спортски настани | Преку програма за млади и спорт финансиска поддршка на спортски клубови кои организираат активности/ и/ или вклучуваат лица со попреченост | 2022 | Програма за млади и спорт | Број на лица вклучени |
| 5.20. | Инклузија на деца со попреченост во спортски настани | Општина Битола | Активности во насока на зголемување на учество на деца со попреченост во спортски настани | Преку програма за млади и спорт ваучери за членување во спортски клубови за деца со попреченост во инклузивни групи | 2022 | Програма за млади и спорт | Број на лица вклучени |
| 5.21. | Поддршка на ЗГ кои испорачуваат социјални услуги | Општина Битола, ЗГ | Преку програма за поддршка на здруженија на граѓани РИЛОУД 2, во програма за економски развој | Поддржани здруженија, финансиски, кои би испорачувале социјални услуги | 2022 | Програма за економски развој | Број на ЗГ вклучени |
| 5.22. | Социјално менторство | Општина Битола, донатори | Менторска поддршка на лица од ранливи групи долгорочно невработени, влади...при идентификување на своите работни способности и вештини и водење при процесот на вработување и први работни денови | Да им помогне на барателите на работа, лица од ранливи групи, брзо и поуверено да се аклиматизираат на своите професионални улоги. | 2022 | 50,000.00 | Број на лица вклучени |
| 5.23. | Адаптирани спортски игралишта и сали | Општина Битола, ЗГ | Адаптација на спортски игралишта и сали прилагодени за лица со попреченост | Можности за спортување на лица со попреченост | 2022 | Програма за млади и спорт | Број на адаптации извршени |
| 5.24. | Субвенционирана фирмарина | Општина Битола Совет на Општина Битола | Субвенционирање на фирмарина на фирми кои се управувани од лица со поп/ самохрани со старателство врз деца, жртви на семејно насилство<br>Одлука на Совет | Поттикнато претприемништво , помогнат мал бизнис, зголемување на финансиска стабилност | 2022 | 0.00 | Број на фирми поддржани |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.25. | Стратегија за социјални претпријатија | Општина Битола Влада РСМ/ | Подготовка на Стратегија за социјални претпријатија | Создавање на подобру услови и потикнување за отварање на социјални претпријатија | 2022 | 200,000.00 | Подготовена Стратегија за социјална претпријатија |
| 5.26. | Стратегија за Роми | Општина Битола Проект Ромалитико | Подготовка на Стратегија согласно националната стратегија | Подобрување на условите за живот на ромското население во областа на образование, домување, здравство | 2022 | Проект Ромалитико | Подготвена стратегија за Роми 2022-2026 |
| Градење на капацитет | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>UN Women | Обука | Градење на капацитет за подготовка и објава на годишен фискален родово одговорен извештај на општина Битола | 2022 | Нема финансиски импликации | Објавен годишен фискален родово одговорен извештај на општина Битола |
| | **Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола, воведување родов пристап во дизајнот и управувањето со општинските услуги и унапреди пристапот и корista од нив за мажите и жените** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници | КЕМ<br>Совет<br>Градоначалник | Работилници за подигнување на свеста за родовата еднаквост и родовите перспективи во програмите на општината | Да се зајакне свеста за еднакви можности | 2022 | Нема финансиски импликации | Број на работилници Број на учесници |
| Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Градоначалник | Примена на прашалник со кои се проверува дали женската перспектива е вградена во одлуките | Да се зајакне учеството на жените | 2022 | Нема финансиски импликации | Прашалник применат |
| Промоција на родова еднаквост | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | Роковник со цел промоција на силни жени од БТ | Унапредена свест за родова еднаквост | 2022 | 60.000 мкд | Број на роковници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Разбивање на родовите стереотипи** | **Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО** | **Анкета на јавно мислење (baseline)** | **Да се разбијат родовите стереотипи и транформираат родовите улоги** | 2022 | **150000 мкд** | **Број на жени мажи кои ги потврдуваат родовите стереотипи** |
| | **Родова еднаквост преку образование** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта | КЕМ<br>ЗГ | Истражување<br>Анализа на причините<br>Предлог мерки презентирани пред општината | Намалување на родова нееднавост во образование | 2022 | ***25.000 МКД*** | Анализа за причините спроведена |
| Обука за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | КЕМ<br>ЗГ | Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | Намалување на родова нееднавост и родово базирано насилство | 2022 | ***Програма за социјална заштита*** | број на обуки и учесници |
| | | | | | | |
| Премостување на родовиот јаз во технички науки | КЕМ<br>ЗГ<br>Бизнис сектор | Анализа на постигнувањата на момчиња и девојчиња во природни науки и математика<br>Родова анализа на транзација од средно во високо образование по струки<br>Серија на предавања / инспиративни говори на успешни жени во технички науки | Намалување на родова нееднавост во образование | 2022 | ***25.000 МКД*** | Анализа направена<br>Предавања одржани<br>Број на посетители на предавања<br>Број на девојчиња кои се запишале на техничи науки |
| Таблети/компјутери или претплата за интернет за деца кои неможат да следат онлајн настава | КЕМ<br>ЗГ<br>Сектор за јавни дејности и информатичка технологија<br>Средни и основни училишта | Прибирање податоци за деца кои немаат услови да следат онлајн настава<br>Одредување на причината поради која не се во можност да следат онлајн настава – немање таблет / компјутер, немање интернет пристап | Намалување на бројот на деца кои се приморани да посетуваат физичка настава | 2022 | Програма градоначалник и сектор за јавни дејности и информатичка технологија, донации | Број на деца вклучени<br>Број на таблети / компјутри доделени<br>Број на интернет претплати/ месеци обезбедени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) | КЕМ<br>ЗГ<br>ОБ<br>Средни и основни училишта | Анализа на образовните потреби на деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители<br>Подготовка на активости произлезени како приоритетни образовни потреби од анализата | Подобрување на образовниот процес за деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители | 2022 | ***20.000 ден*** | Број на деца вклучени |
| | **Родова еднаквост преку култура** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март<br>Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички | КЕМ<br>Одделение за јавни дејности<br>Совет на ОБ<br>ЗГ | Развивање на културна програма за овие настани<br>Организирање на настани | Подигање на свест за родова еднаквост | 2022 | Програма за култура | Организирани настан<br>Број на учесници |
| | **Родова еднаквост преку медиуми** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување | КЕМ преку ЗГ | Медиумски покриена кампања<br>Широко распространета на социјални мрежи со споделени информации и корисни програми<br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата и ќе остварува контакт со жени жртви на семејно насилство за самовработување<br>Извештај | јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за отварање на сопствен бизнис | 2022 | **20.000МКД** | Број на споделени информаци<br>Број на превземања на социјални мрежи<br>Број на жени со кои ќе се стапи во контакт |
| Дигитализација на микро- бизниси (услуги ) во сопственост на жени. \| | КЕМ<br>ЗГ | Ангажирање на лице кое ќе подготви веб платформа<br>Повик до бикро бизниси управувани од жени да земат учество во платформа | Создадена платформа за закажи термин за фризер/козметика, нарачај зеленчук/овошје со достава до дома | 2022 | **донатори** | Број на бизниси вклучени во платфоема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кампања за подеднаква поделба на товарот на домот | КЕМ<br>ЗГ | Медиумски покриена кампања<br>Широко распространета на социјални мрежи<br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата | Подигање на свест за родова еднаквост | 2022 | ***15.000 МКД*** | Објавен конкурс<br>Број на доставени стории |
| | **Родова еднаквост преку здравство** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Подигање на свест за репродуктивно здравје | Здруженија на граѓани<br>КЕМ<br>Доктори од ЦЈЗ | Спроведување на здравствена едукација за абортус, рак на дојка, простата и сл. | Подигање на свест | 2022 | ***30.000 МКД*** | Број на едукации<br>Број на учесници |
| Подигање на свеста на средношколската младина за опасностите сексуално преносливите болести во насока на превенција на истите“ | Здруженија на граѓани<br>КЕМ<br>Доктори од ЦЈЗ | Анкета за познавањата на младите за СПБ, предавања за СПБ во средни училишта, повторно анкетрање | Подигање на свест | 2022 | ***15.000 МКД*** | Број на ученици кои се анкетирани и запознати со ризиците од СПБ и превенцијата од нив |
| | **Родова еднаквост преку социјална заштита** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>***ЗГ*** | Истражување<br>Анализа и утрдување на критериуми за унапредување на родова еднаквост при доделување на социјалана помош од општината | Унапредување на родова еднаквост | 2022 | *///////* | Извештај<br>Измена на критериумите за доделување на помош |
| Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Здружение на пензионери | Организирање на обуки за собирање на податоци за потреби на трудовите инвалиди, самци и стари луге корисници на социјална помош КЕМ да подготви опис и критериуми на услугата а општина да организира тендерска процедура за ЗГ кои би ја спровела ова активност | Унапредување на родова еднаквост | 2022 | ***20.000 МКД*** | Извештај со конкретните потреби споделен до КЕМ |

| | **Родова еднаквост преку спорт и млади** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Поддршка на женски клубови/ здруженија кои се натреваруваат во највисоките првенствени лиги од колективните спортови Едократна парична награда за женски спортски клубови | КЕМ Совет на ОБ Градоначалник | Идентификација на клубовите Донесување на одлука за висина на парична помош и форма (учество на натпревари и/или тековни трошоци) | Промоција на женски спорт; намалување на родови стереотипи | 2022 | **Програма за спорт и млади** | Број на клубови кои добиле парична награда |
| | **Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| | | | | | | |
| Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач Анализа на потребите за обука Развој на програма за обука Доставување на обука Извештај | Подигање на свест | 2022 | **20.000 ден** | Број на спроведени активности; број на учесници на работилниците |
| Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач Анализа на потребите за обука Развој на програма за обука Доставување на обука Извештај | Подигање на свест | 2022 | **20.000 МКД** | Број на спроведени активности; број на учесници на работилниците |
| Анализа на состојба на Родовобазирано насилство и семејно насилство | Општина Битола, ЗГ, МТСП, ЦСР, МВР | Поддршка на изработка на анализа на состојбата со РБН и СН во Општина Битола и подготовка на извештај | Следливост на состојбата во текот на годините | 2022 | 30,000.00 | изготвен завршен извештај |
| Домување за жртви на семејно насилство | Општина Битола | Помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина | Финансиска поддршка од 5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за покривање на трошоци на закупнина на живеалиште (стан, соба, итн.) во период до 12 месеци. Наменета за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле | 2022 | 500,000.00 | Број на лица кои користат фин подршка за домување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | насилната средина.<br>- го пријавиле насилството во центарот за социјална работа;<br>- немаат живеалиште на свое име и не можат да обезбедат живеалиште поради невработеност или ниски примања или;<br>- не можат да обезбедат домување кај примарното или поширокото семејство;<br>- не се во ризик од идно насилство и/или,<br>- биле сметени во шелтер центар (засолниште) и по напуштање на шелтерот не можат да обезбедат сопствено живеалиште; | | | |
| Специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство | Општина Битола, Министерства,донатори | Воспоставување на специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство со цел надминување на последиците и траумите од насилството и јакнење на самодовербата на жртвите. Јавен повик за избор на ЗГ кое ќе го менаџира советовалиштето. | Зајакнување на лица жртви на насилство | 2022 | 1.000.000,00 | Број на ЗГ вклучени<br>Воспоставен советувалишен центар за жртви на семејно насилство<br>Изготвена програма за економско јакнење на лица во социјален ризик<br>Изготвена програма за психосоцијална поддршка на жени жртви на семејно насилство<br>Број на лица (поделени по род и социјален ризик) вклучени во програмата кои добиле психосоцијална поддршка и советување<br>Број на лица (поделени по |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | род и социјален ризик) кои биле вклучени во обуки |
| | **Родова еднаквост и економското јакнење на жената** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Подигнување на свеста на рураланат жена | КЕМ | Обележување на 15 октомври – меѓународниот ден на руралната жена (дебата)<br>Едукација за промените во програмата за ИПАРД<br>Зајакнување на економската положба на жена во рурални подрачја | Економско јакнење на руралната жена | 2022 | **10.000 ден** | Одржана дебата<br>Број на присутни жени од руралните средини<br>Број на одржани едукативни средби |
| Климатските промени и влијаните врз земјоделието | КЕМ<br>МТСП | Обука за мерките за заштита од климатски промени, информации за финансиски средства за истите | Навремено спречување и заштита на земјоделските површини од климатски промени | 2022 | 40.000 ден | Број на реализирани обуки<br>Број на учесници |
| Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 ) | КЕМ<br>Одд. за ЛЕР<br>АВРСМ<br>АППРМ<br>Битола стартап центар | Отворени денови<br>Промоција<br>Едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2022 | Програма за ЛЕР | Број на изложувачи и број на посетители<br>Број на обуки и број на слушатели<br>Број на ѓени кои отвориле сопствен бизнис |
| Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови за активните мерки за вработување) | ЗГ<br>КЕМ<br>АВРСМ | Отворени денови<br>Промоција<br>Едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2022 | 20.000 ден | Број на промотивни настани и број на слушатели |
| | **Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Пелагонискиот регион | КЕМ | Работни средби<br>Панел дискусии<br>Обуки | Јакнење на капацитетите на локалните комисии и реализиацација на заеднички активности и проекти | 2022 | **30.000 ден** | Број на реализирање настани , проекти, обуки и сл. |

ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2022

| Реден број | | Датум на реализација | Институција | ставка | Износ (Денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | реализација на проекти за ЕМ / советовалиште за ЖСМ | 2022 | ЗГ | 463110 | 1.340.000 ден |
| 2 | Консултански услуги | 2022 | ЗГ/консултантска куќа | 425970 | 150.000 ден |
| 3 | Печатење(роковници) | 2022 | | 425920 | 60.000 ден |
| 4 | Домување жртви семејно | 2022 | Физички лица | 425990 | 500.000 ден |
| | Вкупно | | | | 2.050.000 ден |

Бр.09-156/36
27.12.2021 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2022 година**

1. Ја објавувам Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/35
29.12.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 27.12.2021 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2022 година

### ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма е располагањето и управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Севрна Македонија на територијата на Општина Битола што од своја страна вклучува отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба, давање на земјиштето на долготраен и краткотраерн закуп и размена на земјиштето.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Битола ги третира териториите односно опфатите на урбанистичките планови каде што земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија и каде што согласно Законот за Градежно земјиште може да се

оствари промет на градежното земјиште во рамки и на начин определен со Законот за градежно земјиште.

Согласно Одлука за вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија за општина Битола на Владата на Република Македонија бр.51-5137/1 од 28.09.2011 год. Општина Битола од 2011 ги врши работите на располагањето со градежното земјиште остварува промет со градежното земјиште и приходи по тој основ.

**Просторен опфат**

Со ова Програма се дефинира менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Битола дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2022 година.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територииите на:

**ДУП за „АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3“ - Битола** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр 07-1791/3 од 06.09.2011г

**Урбанистички План вон Населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени„ општина Битола-измени и дополнувања** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр.07-831/23 од 28.04.2011г

**ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел„ измени и дополнувања Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-238/7 од 29.03.2000г.

**ДУП за „дел од Градска Работна зона северно од патот Битола-с.Новаци Блок 1“ Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-15/21 од 04.07.2012г.

**ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ„ Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-3289/3 од 16 11.2009г

**ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад„ Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-299/21 од 16. 02.2012г

**Урбанистички План Вон Населено Место за „Туристичка населба Нижеполе м.в. Чакал општина Битола“** донесен со Одлука на Совет на општина Битола

**Урбанистички План Вон Населено Место за „изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола“** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-2699/14 од 23.12.2010г.

**Урбанистички План Вон Населено Место за „комерцијални и деловни намени Граничен премин Меџитлија КО Породин“ Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-1221/14 од 30.06.2010г.

**ДУП за „Буковски ливади II дел измени и дополнувања“** донесен со Одлука на Совет на општина Битола од 30.09.1988 год.

**Поединечни нереализирани градежни парцели сопственост на Република Северна Македонија што се во опфат на детални урбанистички планови на територија на општина Битола**

**Законски основ за изработка на Програмата**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РСМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РСМ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/2019), чл.70 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник бр.10/2005) и Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните

трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп

- ДУП за АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3 Битола
- Урбанистички План вон населено место Јужна Индустриска Зона ЖАБЕНИ измени и дополнувања општина Битола
- ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел„ измени и дополнувања Битола
- ДУП за дел од Градска Работна зона северно од патот Битола-с.Новаци Блок 1 Битола
- ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ„ Битола
- ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад„ Блок 1 Битола
- „Урбанистички План Вон Населено Место за Туристичка населба Ниже-поле„ м.в. Чакал општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за комерцијални и деловни намени „Граничен премин Меџитлија„ КО Породин Битола

Земјиштето во сопственост на Општина Битола ќе се продава по цени утврдени во Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп што важат на денот на продажбата.

**<u>Цели на Програмата</u>**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност, а со тоа и да придонесат за развојот на општина Битола на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположивите ресурси.

**<u>Динамика на реализацијата на Програмата</u>**

Програмата за 2022 година се планира да се реализира во два турнуси.

Првиот турнус би го опфатил првото шестомесечије на 2022 год. и би ги опфатил парцелите за отуѓување по пат на јавно надавање од оваа Програма.

Вториот турнус би го опфатил второто шестомесечије на 2022год.

Постапки за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија започнати по Програма од 2021 година ќе продолжат во наредната година и ќе бидат прикажани во извештајот за реализирани средства по основ отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија во 2022 година

**<u>Лица надлежни за реализацијата на Програмата</u>**

За реализација на оваа Програма надлежна е Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија составена од седум лица од кои пет се со овластување за располагање со градежното земјиште.

**<u>Проценка на финансискиот прилив по основ на реализација на Програмата</u>**

Се очекува прилив на средства по оваа програма

- од продажба на парцели за индивидуално домување А1
- од продажба на парцели за домување во стамбени згради А2
- од продажба на парцели за групно домување А3
- од продажба на парцели за трговски центри Б1,Б2
- од продажба на парцели за државни институции В4
- од продажба на парцели за хотелски комлекс Б5
- од продажба парцели за образование и култура В1, В3

- од продажба на парцели за производство, дистрибуција и сервиси Г 2,3,4

**<u>Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата</u>**

Потребни средства за реализација на програмата односно само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање изнесува:

**1.000.000,00 ден**

**<u>Преодни и завршни одредби</u>**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

Бр.09-156/37 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола за 2016/2017 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола за 2016/2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/36 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Битола за 2016/2017 година

**Член 1**

Се врши осма измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавните површини на Општина Битола.

**Член 2**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-156/38 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

1. ГО ОБЈАВУВАМ Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1091/37 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-156/39 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила

1. Ја објавувам Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила , донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1091/38 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија", бр. 79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), на седницата оддржана на 27.12.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила

### Член 1

Се продолжува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила воспоставена со Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-24/11 од 13.03.2018 година и склучен

Договор бр. 08-51/8 од 02.04.2018 година, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-03/15 од 29.01.2019 година и Анекс Договор бр.08-87/4 од 07.02.2019 година, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-163/25 од 15.11.2019 година и Анекс Договор бр.08-1092/4 од 30.12.2019 година и

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила бр. 09-161/22 од 25.12.2020 година и Анекс Договор бр.08-1178/2 од 31.12.2020 година, заклучно со 31.12.2022 година

**Член 2**

За продолжувањето на востановената меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука двете општини ќе склучат меѓусебен договор.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општината Битола,,.

Бр.09-156/40 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

1. Ја објавувам Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/39 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија,, бр. 79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”, бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), на седницата оддржана на 27.12.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

**Член 1**

Се продолжува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци воспоставена со

Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-24/12 од 13.03.2018 година и склучен Договор бр. 08-52/8 од 17.04.2018 година, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-03/16 од 29.01.2019 година и Анекс договорот бр. 08-86/4 од 07.02.2019 година,

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-163/24 од 15.11.2019 година и Анекс договорот бр. 08- 1091/4 од 30.12.2019 година и

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр. 09-161/23 од 25.12.2020 година и Анекс договорот бр. 08-1177/2 од 31.12.2020 година,заклучно со 31.12.2022 година

**Член 2**

За продолжувањето на востановената меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука двете општини ќе склучат меѓусебен договор.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.09-156/41 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел“, Битола

1. Ја објавувам Одлуката за престанување на важење на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел“, Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/40 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ број 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за престанување на важење на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел“, Битола

**Член 1**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел“, Битола бр. 09-53/3 од 05.05.2021 година („Службен гласник на Општина Битола“ број 7/21).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-156/42 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола

1.Ја објавувам за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/41 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 2 став 2 и член 5 од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16) и член 22 точка 5 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола

### Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 9/2005 и 14/19), во член 2, тарифен број 3, став 1, зборовите „дневно 15 ден/$m^2$“ се заменуваат со зборовите „дневно 5 ден/$m^2$“.

### Член 2

Одредбата од членот 1 на оваа одлука ќе важи до 15 Април 2022 година.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-156/43 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.12.2021 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2022 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

1. Ја објавувам за измена на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2022 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 27.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1091/42 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), Член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/04,92/07,102/08,35/11,53/11,84/12,188/13,154/15,192/15,23/16 и 151/2021); член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12,17/2013,21/13 и 142/14); Одлуките за определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Битола, бр.07-478/18 од 16.03.2010 и бр.07-390/25 од 28.02.2011 година, како и член 16 и 70 од Статутот на Општина Битола(„Службен Гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 27.12.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2022 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола .

**Член 2**

Градежно земјиште е земјиште планирано со актите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и истото може да биде градежно неизградено земјиште, градежно изградено земјиште и градежно земјиште во општа употреба.

Градежно неизградено земјиште е земјиштето опфатено со границите на градежната парцела во рамки на која не се изградени објекти од траен карактер кои се запишани во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Градежно изградено земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежно земјиште за општа употреба е непарцелирано градежно земјиште кое служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини за општа употреба, кое се наоѓа вон рамките на градежните парцели и врз кои не е планирано/утврдено право на градење.

**Член 3**

Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

Во град Битола

Градежно изградено земјиште

- 2.000 ден/м2 – 4-та и 5-та зона
- 1.200 ден/м2 – 6-та и 7-ма зона
- 1.000 ден/м2 – 8-ма и 9-та зона
- 800 ден/м2 – 10-та и 11-та зона

Градежно земјиште за општа употреба

- 2.000 ден/м2 – 4-та и 5-та зона
- 1.200 ден/м2 – 6-та и 7-ма зона
- 1.000 ден/м2 – 8-ма и 9-та зона
- 800 ден/м2 – 10-та и 11-та зона

Градежно неизградено земјиште

- 4.000 ден/м2 – 4-та и 5-та зона
- 3.000 ден/м2 – 6-та и 7-ма зона
- 2.400 ден/м2 – 8-ма и 9-та зона

Подзони на 8-ма и 9-та зона:
2.200 ден/м2
2.000 ден/м2
1.800 ден/м2
1.600 ден/м2
1.400 ден/м2
- 1.200 ден/м2 – 10-та и 11-та зона

II. Просечна цена за квадратен метар на градежното земјиште во селата на подрачјето на Општина Битола се движи:

Лавци, Брусник, Буково, Дихово, Трново, Магарево, Горно Оризари
Градежно изградено земјиште – 600 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 600 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 1.200 ден/м2

Братиндол, Крстоар, Бистрица, Логоварди, Долно Оризари, Кукуречани, Кравари
Градежно изградено земјиште – 500 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 500 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 1.000 ден/м2

Ротино, Крклино, Раштани, Нижеполе
Градежно изградено земјиште – 400 ден/м2
Градежно земјиште за општа употреба – 400 ден/м2
Градежно неизградено земјиште – 800 ден/м2

Ѓавато, Кажани, Маловишта, Цапари, Олевени, Канино, Барешани, Породин, Жабени, Карамани, Оптичари, Поешево

Градежно изградено земјиште – 300 ден/м2

Градежно земјиште за општа употреба – 300 ден/м2

Градежно неизградено земјиште – 600 ден/м2

Рамна, Лера, Горно Српци, Доленци, Драгарино, Црнобуки, Драгожани, Трн, Велушина, Лисолај, Егри, Лопатица

Градежно изградено земјиште – 200 ден/м2

Градежно земјиште за општа употреба – 200 ден/м2

Градежно неизградено земјиште – 400 ден/м2

Кременица, Лажец, Граешница, Драгош, Кишава, Острец

Градежно изградено земјиште – 200 ден/м2

Градежно земјиште за општа употреба – 200 ден/м2

Градежно неизградено земјиште – 200 ден/м2

Свињишта, Секирани, Снегово, Старо Змирнево, Црнеец, Стрежево, Метимир, Облаково, Злокуќани, Древеник, Горно Ореово, Габалавци, Гопеш

Градежно изградено земјиште – 100 ден/м2

Градежно земјиште за општа употреба – 100 ден/м2

Градежно неизградено земјиште – 100 ден/м2

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“

| | |
|---|---|
| Бр.09-156/44 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 27.12.2021 г. | на Советот на Општината |
| Б и т о л а | Габриела Илиевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2022 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

